WFD



# ОДЛОЖЕНО
## МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

### Анализа за позицијата на младите на локалните избори 2021

Western Balkans Democracy Initiative

UK Government

WFD

# ОДЛОЖЕНО МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

## Анализа за позицијата на младите на локалните избори 2021

Western Balkans Democracy Initiative

UK Government

**Проект:**
Иницијатива за демократија на Западен Балкан

**Издавач:**
Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија

www.wfd.org

**За издавачот:**
Дона Костуранова, Директор во земјата на Фондација за демократија на Вестминстер

**Автори:**
Јована Ѓорѓиовска
Блажен Малески

**Уредници:**
Дамир Незири
Дона Костуранова

**Лектура:**
Јасмина Алешковиќ

**Графичко уредување:**
Бригада дизајн

**Година на издавање:** 2022

Подготовката на оваа анализа е поддржана од Иницијативата за демократија на Западен Балкан, програмата на Фондацијата за демократија на Вестминстер.

Содржината на оваа анализа не ги одразува ставовите или мислењата на Фондацијата.

**CIP – Каталогизација во публикација**
xxxxx

# СОДРЖИНА

**БЛАГОДАРНОСТ И ПРИЗНАНИЈА** 5

**КРАТЕНКИ** 6

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** 7

**ВОВЕД** 8

Меѓународен контекст 8

Локален контекст 9

Надлежности на општините од интерес на младите 10

Основни информации за локалните избори во Република Северна Македонија 10

Локални избори (октомври, 2021 година) 12

**МЕТОДОЛОГИЈА И ВАРИЈАБЛИ ОД ИНТЕРЕС** 15

**НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА** 24

Анализа на кандидатите за градоначалници 24

Анализа на избраните градоначалници 37

Анализа на кандидатите за советници 41

Млади носители на кандидатски листи 47

Млади кандидати во горна половина од кандидатски листи 48

Млади кандидати во долна половина од кандидатски листи 51

Анализа на избраните советници 57

**КЛУЧНИ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ** 61

Квалитативни информации 62

**ПРЕПОРАКИ** 63

За политичките партии: 63

За подмладоците на политички партии: 64

За институциите: 64

За младите: 65

За развојната заедница: 65

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** 66

**Анекс 1:** Дополнителни табели и визуелизации 67

# ПРЕДГОВОР

Фондацијата за демократија на Вестминстер со поддршка на Британската влада веќе трета година го имплементира проектот „Иницијатива за демократија на Западен Балкан“. Еден од главните идентификувани проблеми во Северна Македонија е недостатокот на можности за политичко учество на одредени маргинализирани групи во општеството. Покрај жените и лицата со попреченост, младите се една од најмаргинализираните групи во поглед на можностите за политичко учество.

За да се адресираат проблемите во општеството, треба да постојат издржани и релевантни податоци врз кои би се граделе пристапи за нивно решавање. Токму затоа, уште од самиот почеток на спроведувањето на Иницијативата за демократија на Западен Балкан, покрај директни активности, ВФД работи и на генерирање на нови податоци, истражувања и анализи кои би биле достапни и корисни за јавноста, институциите и граѓанскиот сектор.

Оваа анализа за политичкото учество на младите на изборите во Република Северна Македонија е прва анализа за кандидати на локални избори, а втора анализа на кандидати на избори во Северна Македонија воопшто, по анализата за парламентарните избори на ВФД објавена во 2020.

Оваа анализа, слично како и онаа за парламентарните избори немаше да биде возможна без веб-порталот на Државната изборна комисија за преглед на поднесените кандидатски листи по повеќе варијабли. Овој портал овозможува преглед на учесниците на изборите по возраст, општина, политичка партија и други варијабли, преку што може да се добие увид во (листите со) кандидатите, но и да се прават анализи за состојбите.

**Зошто насловот „Одложено младинско учество“?**

Доколку во минатата анализа за парламентарните избори отсуството на избрани млади пратеници во законодавниот дом е очигледно, на локално ниво има одредено подобрување. Сепак најголем дел од избраните градоначалници и советници се избрани 5-10 години по минување на границата за млади, односно по 29 години.

Ова води кон последното и можеби најважно прашање: Зошто е важно да има млади во локалните репрезентативни тела?

Најголем дел од прашањата кои директно влијаат врз квалитетот на живот на младите луѓе се прашања во надлежност на локалната самоуправа. Почнувајќи од образованието и детската заштита, урбанизмот и организирањето на локалниот сообраќај, до менаџирањето со отпадот и заштитата на животната средина, локалната самоуправа најдиректно влијае врз секојдневието на младите. Токму затоа е исклучително важно во органите на локалната самоуправа да бидат вклучени млади кои ќе ги артикулираат потребите на оваа група на граѓани. Се надеваме дека податоците од оваа анализа ќе помогнат за застапување и зголемување на младинското учество во иднина.

**Дамир Незири,**
Претставник во земјата за
Фондација за демократија на Вестминстер

# БЛАГОДАРНОСТ И ПРИЗНАНИЈА

Фондацијата за демократија на Вестминстер би сакала да искаже благодарност до авторите на оваа анализа Јована Ѓорѓиовска и Блажен Малески за ентузијазмот и деталноста со која ја изработија анализата. Од клучно значење за изработка на оваа публикација се податоците за кандидатите објавени на страната на Државната изборна комисија, која е изработена во рамки на проектот „Поддршка на изборни реформи во Република Северна Македонија“, спроведуван од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и нејзиниот партнер Националниот младински совет на Македонија, со поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка. Транспарентното објавување на детали за кандидатите на парламентарните и локалните избори е сериозен исчекор во пристапноста на информациите за кандидатите за јавноста и потенцијал за анализи профилите на кандидатите.

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АА-ААА** | Алијанса за Албанците и Алтернатива |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | Внатрешна Македонска Револуционерна Организација – Демократска Партија за Македонско Национално Единство |
| **ГРОМ** | Граѓанска опција за Македонија |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **ДОМ** | Демократска обнова на Македонија |
| **ДПА** | Демократска партија на Албанците |
| **ДСР** | Демократски сили на Ромите |
| **ДУИ** | Демократска унија за интеграција |
| **ЗМУМП** | Закон за младинско учество и младински политики |
| **ЛДП** | Либерално демократска партија |
| **МААК** | Македонска акција - Конзервативна партија |
| **ПДТ** | Партија за движење на Турците |
| **ПОДЕМ** | Партија на обединети демократи на Македонија |
| **ППД** | Политичка партија Достоинство |
| **РОМ-РОМЕСКЕ** | Народна партија на Ромите и Демократски сили на Ромите |
| **СДСМ** | Социјал-демократски сојуз на Македонија |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Согласно со членот 23 од Уставот на Република Северна Македонија, *„секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции“*, при што членот претходно го дефинира избирачкото право на секој граѓанин со наполнети 18 години. Оттука потекнуваат и главните прашања на ова истражување: каква е позицијата на младите на локалните избори во 2021 година и дали нивното право на учество во вршењето јавни функции е исполнето во политичкиот процес за избор на градоначалници и советници во единиците на локалната самоуправа (општини).

Истражувањето се базира на податоците објавени од Државната изборна комисија на наменската веб-страница чија содржина се состоеше од сите поднесени кандидатски листи и кандидатури на политичките субјекти кои учествуваа во локалните избори 2021 година. Спроведени беа анализи за дистрибуцијата и позиционирањето на младите на возраст од 18 до 29 години, како за односите со достапните демографски податоци (пол, општина, регион).

Добиените податоци укажуваат на одложено младинско учество во локалните избори како политички процес – младите се најчесто на долните половини од кандидатските листи, значително поретко се нивни носители (во споредба со другите возрасни групи) и речиси никогаш не ја добиваат довербата на политичките субјекти да се кандидираат за највисоката позиција во општините, градоначалник.

Само 3 % од кандидатурите за градоначалничка позиција поднесени од учесниците во локалните избори 2021 година се млади граѓани на државата (на возраст помеѓу 19 и 29 години), а само 2 % од избраните градоначалници се млади. Кога станува збор за кандидатските листи за членови на општинските совети, младите се значително застапени со 24,7 % од сите кандидатури, но само 17,4 % од избраните советници спаѓаат во групата млади луѓе. Ваквите податоци не изненадуваат ако се земе предвид дека младите се најчесто позиционирани на недобитните места, а поддршката што ја добиваат од политичките субјекти е ограничена.

Со оглед на ваквата поставеност на младинското учество на локалните избори во 2021 година, важно е да се спомене важноста на младинското учество во политичките процеси. Имено, репрезентативната демократија се базира на принципот на можноста сите да учествуваат во вршењето јавни функции, но и да бидат избрани за истите, без разлика на нивното претходно искуство. Дополнително, имајќи ја предвид младинската недоверба кон институциите докажана во социо-политичките истражувања за младите во државата, немањето свои претставници кои активно ќе работат на младински прашања, може значително да ја намали заинтересираноста за политичките процеси од страна на младите и нивниот потенцијал за учество во истите.

# ВОВЕД

Во Северна Македонија, како и во голем број претставнички демократии, младите луѓе (една четвртина од населението во нашата држава) се меѓу групите граѓани кои, историски гледано, ретко имаат свои директни претставници во институциите на извршната и локалната власт. Иако, согласно со членот 23 од Уставот на Република Северна Македонија „секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции“, младинското учество во изборниот процес како основен демократски чин овде често се сведува на (не)искористување на гласачкото право и генерални ставови за политичките прашања. Како што покажуваат голем број домашни и интернационални студии, недоволното и несоодветно претставување и застапеност на младите во општествениот систем може да предизвика занемарување и/или несоодветно адресирање на нивните потреби, што потоа резултира со намалување на генералниот квалитет на живот на младите, нивното чувство на припадност во заедницата и следствено, мотивацијата за социо-политичко учество во општествените текови (на пр. Галевски, 2019; Ѓорѓиовска и Галевски, 2021; Lührmann, 2013; Parks, 2004). Од друга страна, практичната примена на начелото на претставување на интересите на што повеќе групи граѓани во една претставничка демократија води кон поквалитетно решавање на проблемите со кои различните групи се соочуваат, подобар квалитет на живот и повисока мотивација за придонес и развој на општеството кај застапуваните групи граѓани. Оттука директното учество во изборните процеси е неопходен чекор кон постигнување на што повисоко ниво на претставничка демократија, а локалните избори се од исклучително значење за намалување на дистанцата помеѓу младите и носителите на одлуки кои имаат директно влијание врз нивниот секојдневен живот.

Од оваа причина, Фондацијата за демократија на Вестминстер по вторпат иницира длабинска анализа за позицијата на младите во изборниот процес. Додека истражувањето објавено во 2020 година (Галевски и Ѓорѓиовска, 2020) се фокусираше на присуството на младите на кандидатските листи и во изборните програми за предвремените избори за пратеници во 2020 година, оваа анализа е посветена на младите и нивното учество во локалните избори во 2021 година како (кандидати за) носители на одлуки на локално ниво. Поради природата на моделот на локална самоуправа и карактеристиките на изборниот процес кои произлегуваат од него, анализата ја обработува вклученоста на младите на кандидатските листи за градоначалници и членови на општинските совети како главен показател за нивната позиција на овие избори. Во оваа насока, главна цел на студијата е за првпат да понуди сознанија за младинската позиција во постојниот модел на локални избори, притоа земајќи ги годинешните избори како студија на случај. Дополнително, анализата ги надградува и досегашните истражувачки напори насочени кон разбирање на директното политичко учество на младите во изборните процеси во државава.

## Меѓународен контекст

Според извештајот за младинско граѓанско учество на Обединетите нации (2016), излезноста во сите демократии на светско ниво е намалена во споредба со излезноста во 80-тите години од минатиот век, при што значаен пад се забележува кај излезноста на младите. Истражувањата покажуваат дека околу 44 % од младите на возраст помеѓу 18 и 29 години секогаш гласаат, што е точно за речиси 60 % на ниво на сите граѓани, односно повеќе од 70 % кај групата граѓани над 50 годишна возраст (Inter-Parliamentary Union, 2018). Споменатиот пад во излезноста на младите најчесто се поврзува со ниското ниво на младинско учество во формалните политички процеси и ретката можност за директно влијание врз јавните политики кои ги засегаат младите.

Во Европа, во последните две децении е зајакната јавната свест за потребата за директно вклучување на младите во процесите за донесување одлуки на општинско и регионално ниво (Congress of Local and Regional Authorities of the Council of Europe, 2015). Вклучувањето на младите во донесувањето одлуки за јавни политики кои директно влијаат на нив на конструктивен и ефективен начин се смета за клучен показател за легитимитетот на одлуките, но и за

потенцијален катализатор за зголемување на понатамошното учество на младите во општествениот живот. Како важен тренд за зголемување на младинското учество во политиката и самиот изборен процес се издвојува движењето за право на глас од 16 годишна возраст, предводено од Европскиот младински форум (ЕМФ). Резолуцијата изгласана од Советот на членки на ЕФМ (2006) содржи три главни аргументи за оваа промена: 1) потребата за поголемо демократско учество на младите преку препознавање на нивното влијание врз процесите за донесување одлуки и дефинирањето поиздржани јавни младински политики; 2) демографските промени при што просечниот животен век се зголемува, а пропорцијата млади луѓе во популацијата се намалува и 3) рамнотежата помеѓу граѓанските права и одговорности кои ги имаат младите во општеството. Правото на глас на 16 годишна возраст им е веќе овозможено на младите од Австрија (од 2007 година, на сите избори), Естонија (од 2017 година, на локални избори), Малта (од 2018 година, на сите избори) и Белгија (од 2020 година, на изборите за Европски парламент).

## Локален контекст

Според Законот за младинско учество и младински политики (во натамошниот текст: ЗМУМП), „млади“ се граѓаните од 15 до 29-годишна возраст, односно околу една четвртина од целото население на државата. Од нив, во второто тримесечје од 2021 година невработени се 28,3 % (Државен завод за статистика, 2021), што е слично на периодот пред почетокот на пандемијата на КОВИД-19 во 2020 година. Освен економските мерки насочени директно кон намалување на влијанието на кризата со КОВИД-19 на младите, како главна мерка против ниското ниво на економска активност на младите во последните неколку години се издвојува Гаранцијата за млади која се спроведува низ целата држава[1] (European Commission, 2021). Од друга страна, иако постои правна рамка за заштита на правата на децата и младите, нивното мислење ретко се зема предвид при донесувањето на јавните политики (European Commission, 2021). Во светски рамки, Северна Македонија е на 42-то место (од 181 земји) на Глобалниот индекс за младински развој, при што може да се забележи дека вкупното постигнување на државата на показателите за младински развој е намалено во однос на 2018 година (Commonwealth Secretariat, 2020). При анализа на квалитетот на животот на младите во државата, треба да се има предвид и негативното влијание на пандемијата на КОВИД-19 преку неунифицираните образовни искуства (традиционална настава наспроти настава од далечина), промените во поглед на работа и примања, како и рестрикциите врз социјалниот живот и потешкотиите поврзани со менталното здравје (Ѓорѓиовска и Галевски, 2021; Млади во криза 2.0, 2021; Реактор - истражување во акција, 2020).

Во поглед на политичкото учество на младите во Северна Македонија, бројни истражувања покажуваат дека мнозинството од младите граѓани се незадоволни од своето место во општеството и сметаат дека не можат да влијаат врз тоа што и како работат властите (Галевски, 2019; Ѓорѓиовска и Галевски, 2020; Топузовска Латковиќ и др., 2019; Zivetz, 2019). Мнозинството млади ретко преземаат активности за решавање општествени проблеми, а оние кои тоа го прават, ретко се успешни во нивното решавање (Галевски, 2019; Ѓорѓиовска и Галевски, 2020). Ваквите искуства на младите се особено важни ако се земе предвид дека политичките партии во изборните програми младинските политики најчесто ги третираат површно и краткорочно (Галевски и Ѓорѓиовска, 2020; Филипова и др., 2020; Јованов и др., 2016; Јованов и др., 2020), што се појавува како проблем и на овие локални избори (Радио МОФ, 2021). Важно е да се спомене и дека младите кандидати за членови на извршната власт почесто се наоѓаат на недобитни места (кон крајот на кандидатските листи) и младинската застапеност во извршната и локалната власт од осамостојувањето на државата е на релативно ниско ниво (Inter-Parliamentary Union, 2018; Галевски и Ѓорѓиовска, 2020). Земајќи ги овие податоци предвид, ниската мотивација за социо-политичко учество кај младите не изненадува.

[1] Пилотирањето на Гаранција за млади се одвиваше во текот на 2018 година во три општини (Скопје, Струмица и Гостивар), по што од 2019 година мерката се одвива на територијата на целата држава.

## Надлежности на општините од интерес на младите

Од особен интерес за оваа анализа се надлежностите на општините во поглед на прашања кои (ин)директно ги засегаат нивните млади жители, според релевантните правни регулативи. Според Законот за локалната самоуправа, општините имаат обврска на својата територија да вршат работи од јавен интерес, а од локално значење за граѓаните. Голем дел од општинските надлежности директно влијаат врз квалитетот на живот на децата и младите, како што се изградбата, одржувањето и раководењето со детските градинки, основните и средните училишта (во соработка со централната власт), изградбата и одржувањето на спортските објекти и рекреативните површини во општината, но и негувањето на културните вредности и развој на културните установи. Сепак и останатите надлежности на општините предвидени во Законот за локалната самоуправа влијаат на квалитетот на живот на сите нивни граѓани, при што тешко е да се каже дека не ги засегаат жителите на возраст од 15 до 29 години. Станува збор за урбанистичкото планирање, заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, комуналните дејности, здравствената и противпожарната заштита, заштитата од природни непогоди и други несреќи, итн.

Во поглед на конкретни младински политики, ЗМУМП предвидува дека општините и градот Скопје се задолжени за овозможување младинско учество во донесувањето одлуки на локално ниво (преку формирање локални младински совети во секоја општина), утврдување на среднорочните цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво (преку локалната стратегија за млади и соодветниот акциски план), како и обезбедување сервиси за млади (преку основање на канцеларии за млади и младински центри и назначување службеници за млади). Од финансиска перспектива, ЗМУМП предвидува издвојување на средства за млади од буџетите на општините и градот Скопје во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво. Земајќи ги предвид временските рокови дефинирани во ЗМУМП, важно е да се нагласи дека само во 12 општини (од вкупно 80 општини и Град Скопје) се формирани Локалните младински совети (Радио МОФ, февруари 2021), а службеници за млади се назначени во 70,37 % од општините (n = 57 од 81) (АМС, октомври 2021). Исто така, во соработка помеѓу Агенцијата за млади и спорт, надлежните општини и младински организации, отворени се и четири младински центри во општините Кавадарци, Куманово, Битола, Велес и Град Скопје.

## Основни информации за локалните избори во Република Северна Македонија

Првите локални избори во Република Северна Македонија се одржале во 1996 година, по што се одржуваат редовно на секои четири години[2] истовремено во сите општини во државата. На првите два изборни циклуси (во 1996 и 2000 година), граѓаните гласале за градоначалници и советници во 123 општини и градот Скопје, по што овој број се намалил на 84 општини и градот Скопје на локалните избори во 2005 и 2009 година. Бројот на општини дополнително се намали во 2013 година од кога локалните избори се одвиваат во 80 општини и градот Скопје (како посебна единица на локална самоуправа, сочинета од 10 општини, според Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, 2004). Со општините раководат градоначалникот и советот на општината, кои се избираат на локалните избори.

Според Изборниот законик, кандидат за градоначалник и член на совет на општина може да биде секој државјанин на Република Северна Македонија што навршил 18 години, има деловна способност и има постојано живеалиште во општината/градот Скопје каде што се врши изборот. Притоа, за градоначалници и членови на советот не може да се кандидираат лица кои се осудени со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, чие извршување не е започнато или се наоѓаат на издржување казна затвор за сторено кривично дело.

[2] Освен во периодот помеѓу 2000 и 2005 година.

Право на глас на локалните избори има секој државјанин на Република Северна Македонија кој навршил 18 години и е со постојано живеалиште во општината, односно Градот Скопје каде што се врши изборот. Со амандманите на Изборниот законик донесени во септември 2021 г.[3] отстрането беше претходното ограничување на правото на глас врз основа на деловна неспособност - во избирачкиот список не се запишуваат само граѓаните кои се изрично лишени од правото на глас со судска одлука поради интелектуална или психо-социјална попреченост (ОБСЕ и ОДИХР, 2021). Жителите на градот Скопје се единствените граѓани во државата кои на локални избори гласаат за градоначалник и советници на својата општина, но и градоначалник и советници на градот Скопје.

Според Законот за локална самоуправа, главната обврска на градоначалникот е претставување и застапување на Општината, при што тој/таа треба да иницира и предлага донесување одлуки од важност за жителите на општината, го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот и општинскиот буџет, а води и сметка за редовната административна работа на Општината. На локалните избори, кандидатите за градоначалници настапуваат со поддршка од политичка партија/коалиција или група избирачи, а победниците се избираат по мнозински систем во два изборни круга. Доколку ниту еден од кандидатите не освои повеќе од 50% од гласовите на гласачите кои излегле на гласање (при што излезноста треба да биде најмалку ⅓ од гласачите запишани на избирачкиот список во општината), во вториот круг влегуваат двата кандидати со најмногу добиени гласови.

Клучната функција на советот на општината е претставувањето на интересите на граѓаните во процесите на донесување на одлуки, кои се во рамки на општинските надлежности. Општинскиот совет е претставнички орган во рамки на општината, кој одлучува за прописите и буџетот на општината, врши надзор на работата на јавните служби (и по потреба, основа нови), итн. За разлика од кандидатите за градоначалници, членовите на советот на општината (како орган кој ги претставува нејзините граѓани и чии седници се јавни) се избираат од листа кандидати предложени од политичките партии/коалиции или независните предлагачи. Согласно со Изборниот законик, за поднесување независна листа кандидати за советници е потребно собирање одреден број потписи во период од 15 дена, со почеток на десеттиот ден по распишувањето на изборите. Во Анекс 1 е достапна табела за пресметување на потребниот број потписи за поднесување независна листа кандидати според Изборниот законик.

Бројот на советници во општините е секогаш непарен и се утврдува во зависност од бројот на жители во општината. Со други зборови, во општините со помал број на граѓани бројот на советнички места е помал, а како што се зголемува бројот на граѓани, така се зголемува и бројот на советници. Па така, најмалите општини кои имаат до 5.000 жители (на пр. Вевчани со 2.433 жители според пописот од 2002 година) имаат 9 советници, додека најголемите со над 100.000 жители (на пр. Куманово со 105.484 жители) имаат 33 советници. Советот на Градот Скопје брои 45 членови. Во Анекс 1 е достапна мапа на сите општини прикажани во различни бои, според бројот на советници во општинскиот совет.

Од интерес на оваа анализа е и да се спомене дека според Изборниот законик, кандидатските листи за членови на советот треба да содржат не помалку од 40 % од помалку застапениот пол (низ историјата, а и на локалните избори во 2021 година - жени). Ваква обврска не постои за предлагањето кандидати за градоначалници, што резултира во родова нееднаквост во поглед на клучните позиции во локалната власт. На пример, на последните локални избори во 2017 година, во само шест од 81 единици на локалната самоуправа беа избрани жени градоначалнички. Главниот град на државата, пак, од независноста до локалните избори во октомври 2021 година, имал седум градоначалници и ниту една градоначалничка[4], а никогаш немал млад градоначалник (до 29-годишна возраст). Токму поради фактот дека жените, како и младите, се малку застапени на клучните позиции во локалната власт, оваа публикација содржи и анализа на податоците за (кандидатите за) градоначалници и советници од родова перспектива.

3 Овие амандмани не влијаеа на правото на глас на локалните избори во октомври 2021 година, поради тоа што беа донесени доцна.

4 Вера Ацева е единствената жена која ја извршувала должноста градоначалник на град Скопје во 1948 година

## Локални избори (октомври, 2021 година)

Првиот круг од седмите локални избори во Република Северна Македонија се одржа на 17 октомври, а вториот круг на 31 октомври[5]. На овие локални избори, за првпат се користеше технологија за биометриска идентификација на гласачите со отпечаток на прст. Гласањето се одвиваше во 80 општини и градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, составена од 10 општини. Поради неисполнување на потребниот цензус во првиот изборен круг и повторување на изборниот процес за градоначалничката позиција во Маврово Ростуше и Центар Жупа[6], овие две општини беа исклучени од анализата на избраните градоначалници.

Според податоците објавени на веб-страницата на Државната изборна комисија (во натамошниот текст: ДИК), на локалните избори учествуваа n = 299 кандидати за градоначалници (поддржани од 22 политички партии/коалиции и 27 независни групи граѓани) и 10.532 кандидати за советници (поддржани од страна на 27 политички партии/коалиции и 65 групи независни кандидати). Детален преглед на бројот на поднесените кандидатури за градоначалници и членови на општинските совети е даден во табела 1, додека во Анекс 1 е достапен преглед на бројот на кандидатури од двата вида и бројот на политички субјекти кои ги поднеле за секоја општина.

**Табела 1. Број на поднесени кандидатури за градоначалници и членови на општинските совети во сите единици на локалната самоуправа.**

| Општина | Кандидатури за градоначалник | Кандидатури за советнички места |
|---|---|---|
| Аеродром | 5 | 243 |
| Арачиново | 3 | 60 |
| Берово | 4 | 60 |
| Битола | 6 | 434 |
| Богданци | 3 | 55 |
| Боговиње | 4 | 95 |
| Босилово | 2 | 90 |
| Брвеница | 6 | 120 |
| Бутел | 2 | 246 |
| Валандово | 2 | 60 |
| Василево | 2 | 45 |
| Вевчани | 2 | 18 |
| Велес | 4 | 207 |
| Виница | 2 | 75 |
| Врапчиште | 7 | 133 |
| Гази Баба | 4 | 351 |
| Гевгелија | 5 | 114 |
| Гостивар | 4 | 310 |
| Градско | 2 | 27 |

5 По приговор на коалицијата на АА-ААА, резултатите од едно избирачко место во Општина Дебар беа поништени, по што се случи прегласување на 14 ноември 2021 година.

6 Согласно со Заклучокот за известување за конечност на резултатите донесен од ДИК на 23 октомври 2021 година, во овие две општини во првиот круг на гласање не беше исполнет критериумот да излезат една третина од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список за соодветната општина. Поради тоа, ќе се повтори целата изборна постапка, согласно со членот 132 став (2) од Изборниот законик.

| Општина | Кандидатури за градоначалник | Кандидатури за советнички места |
|---|---|---|
| Дебар | 3 | 75 |
| Дебарца | 3 | 66 |
| Делчево | 2 | 45 |
| Демир Капија | 2 | 63 |
| Демир Хисар | 2 | 55 |
| Дојран | 3 | 36 |
| Долнени | 8 | 180 |
| Ѓорче Петров | 6 | 161 |
| Желино | 4 | 95 |
| Зелениково | 3 | 72 |
| Зрновци | 2 | 36 |
| Илинден | 4 | 90 |
| Јегуновце | 2 | 120 |
| Кавадарци | 2 | 247 |
| Карбинци | 2 | 45 |
| Карпош | 6 | 230 |
| Кисела Вода | 5 | 207 |
| Кичево | 4 | 184 |
| Конче | 3 | 54 |
| Кочани | 2 | 95 |
| Кратово | 3 | 75 |
| Крива Паланка | 4 | 76 |
| Кривогаштани | 4 | 66 |
| Крушево | 2 | 77 |
| Куманово | 5 | 429 |
| Липково | 4 | 114 |
| Лозово | 5 | 72 |
| Маврово и Ростуша | 2 | 66 |
| Македонска Каменица | 5 | 55 |
| Македонски Брод | 3 | 132 |
| Могила | 3 | 110 |
| Неготино | 2 | 90 |
| Новаци | 3 | 45 |
| Ново Село | 2 | 60 |
| Охрид | 3 | 253 |
| Петровец | 3 | 88 |
| Пехчево | 3 | 44 |
| Пласница | 2 | 36 |

| Општина | Кандидатури за градоначалник | Кандидатури за советнички места |
|---|---|---|
| Прилеп | 5 | 216 |
| Пробиштип | 2 | 75 |
| Радовиш | 4 | 114 |
| Ранковце | 4 | 45 |
| Ресен | 5 | 90 |
| Росоман | 3 | 54 |
| Сарај | 4 | 114 |
| Свети Николе | 3 | 105 |
| Скопје | 12 | 675 |
| Сопиште | 2 | 77 |
| Старо Нагоричане | 3 | 63 |
| Струга | 7 | 270 |
| Струмица | 3 | 184 |
| Студеничани | 3 | 150 |
| Теарце | 4 | 133 |
| Тетово | 7 | 310 |
| Центар | 7 | 207 |
| Центар Жупа | 2 | 66 |
| Чаир | 5 | 268 |
| Чашка | 3 | 55 |
| Чешиново-Облешево | 3 | 55 |
| Чучер-Сандево | 4 | 88 |
| Штип | 4 | 160 |
| Шуто Оризари | 5 | 171 |
| **Вкупно** | **299** | **10532** |

Важно е да се нагласи дека понатаму во текстот наодите за кандидатите за градоначалници се секаде обележани со боја, а наодите за кандидатите за советници со боја. Во соодветните делови, информациите за град Скопје се обележани со боја.

# МЕТОДОЛОГИЈА И ВАРИЈАБЛИ ОД ИНТЕРЕС

Квантитативната анализа на кандидатските листи за градоначалници и советници, како и на освоените мандати во локалната власт се потпира на официјалните податоци објавени на веб-страницата на ДИК на која се достапни кандидатските листи (www.candidatelist.sec.mk)[7]. Податоците беа преземени на 24 септември 2021 година, односно веднаш по истекувањето на рокот за објавување на утврдените единствени листи на кандидати според ревидираниот Роковник за локални избори 2021 (ДИК, 2021).

Обработката и интерпретацијата на податоците беа фокусирани на младите (кандидати за) градоначалници и пратеници, односно лицата до 29 годишна возраст (според ЗМУМП). Во текот на анализата беа испитувани дистрибуцијата и односите помеѓу варијаблите од интерес, дадени во табела 2.

**Табела 2. Варијабли од интерес на анализата.**

| Варијабла | Извор на податоци | Дополнителни информации |
|---|---|---|
| Возраст на кандидатите | Официјални податоци на ДИК | Се користеше возраста дадена во официјалните податоци на ДИК во моментот на преземање. |
| Возрасна група на која ѝ припаѓаат кандидатите | Изведени од авторите, според податоците од ДИК | Поделбата на возрасни групи беше направена според декади: 18-29 години, 30-39, ..., 70-79 и повеќе од 80 години. |
| Пол на кандидатите | Официјални податоци на ДИК | |
| Општина во која се кандидираат | Официјални податоци на ДИК | |
| Плански регион во кој се кандидираат | Изведени од авторите, според податоците од ДИК | Поделбата на општините во плански региони е визуелно прикажана на графикон 1. |
| Тип на општина во која се кандидираат | Изведени од авторите, според податоците од ДИК | Во согласност со Законот за територијалната организација на локалната самоуправа, изведени беа три категории: 1) рурални општини (со седиште во село), 2) урбани општини (со седиште во град), 3) општини во рамки на градот Скопје и Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Поделбата на општините според оваа варијабла е визуелно прикажана на графикон 2. |
| Политички субјект - поднесувач на кандидатура | Официјални податоци на ДИК | Употребени беа две категории: политичка партија/коалиција и независна група избирачи. |
| Место на кандидатска листа* | Официјални податоци на ДИК | Употребен беше апсолутниот реден број на поединечните кандидати на листите. |
| Категорија на позиционирање на кандидатска листа* | Изведени од авторите, според податоците од ДИК | Поради непарниот број кандидати, изведени беа три категории: 1) носител на листа, 2) горна половина и 3) долна половина од листа, односно **n-1 / 2**, при што n е бројот на кандидати. Пример за изведувањето на трите категории е визуелно прикажан на графикон 3. |

* Овие варијабли се однесуваат на кандидатите за советници.

[7] Веб-страницата е изработена во рамки на проектот „Поддршка на изборни реформи во Република Северна Македонија“ кој го спроведуваат Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

**Графикон 1.** **Поделба на општините во плански региони.**




| Плански регион | Општини во плански регион |
|---|---|
| **Скопски плански регион** | Општина Аеродром, Општина Бутел, Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Сарај, Општина Чаир, Општина Центар, Општина Шуто Оризари, Општина Сопиште, Општина Студеничани, Општина Зелениково, Општина Петровец, Општина Арачиново, Општина Илинден и Општина Чучер-Сандево. |



| Плански регион | Општини во плански регион |
|---|---|
| **Источен плански регион** | Општина Штип, Општина Карбинци, Општина Зрновци, Општина Чешиново-Облешево, Општина Пробиштип, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Делчево, Општина Пехчево, Општина Виница и Општина Берово. |




| Плански регион | Општини во плански регион |
|---|---|
| **Југоисточен плански регион** | Општина Гевгелија, Општина Богданци, Општина Валандово, Општина Дојран, Општина Ново Село, Општина Босилово, Општина Василево, Општина Конче, Општина Радовиш и Општина Струмица. |



| Плански регион | Општини во плански регион |
|---|---|
| **Пелагониски плански регион** | Општина Ресен, Општина Битола, Општина Новаци, Општина Могила, Општина Демир Хисар, Општина Кривогаштани, Општина Прилеп, Општина Долнени и Општина Крушево. |




| Плански регион | Општини во плански регион |
|---|---|
| **Вардарски плански регион** | Општина Свети Николе, Општина Велес, Општина Лозово, Општина Чашка, Општина Градско, Општина Росоман, Општина Неготино, Општина Демир Капија и Општина Кавадарци. |



| Плански регион | Општини во плански регион |
|---|---|
| **Југозападен плански регион** | Општина Охрид, Општина Дебарца, Општина Струга, Општина Вевчани, Општина Центар Жупа, Општина Кичево, Општина Македонски Брод, Општина Дебар и Општина Пласница. |

## ЈУГОЗАПАДЕН




| Плански регион | Општини во плански регион |
|---|---|
| **Полошки лански регион** | Општина Маврово и Ростуша, Општина Гостивар, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Желино, Општина Боговиње, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Јегуновце. |

## ПОЛОШКИ



| Плански регион | Општини во плански регион |
|---|---|
| **Североисточен лански регион** | Општина Кратово, Општина Крива Паланка, Општина Куманово, Општина Липково, Општина Ранковце и Општина Старо Нагоричане |

## СЕВЕРОИСТОЧЕН




**Графикон 2.** **Поделба на општините според Законот за територијална организација на локална самоуправа.**



| Тип на општина | Општини |
|---|---|
| **Урбани општини** | 1. Општина Берово<br>2. Општина Битола<br>3. Општина Богданци<br>4. Општина Валандово<br>5. Општина Велес<br>6. Општина Виница<br>7. Општина Гевгелија<br>8. Општина Гостивар<br>9. Општина Дебар<br>10. Општина Делчево<br>11. Општина Демир Капија<br>12. Општина Демир Хисар<br>13. Општина Кавадарци<br>14. Општина Кичево<br>15. Општина Кочани<br>16. Општина Кратово<br>17. Општина Крива Паланка<br>18. Општина Крушево<br>19. Општина Куманово<br>20. Општина Македонска Каменица<br>21. Општина Македонски Брод<br>22. Општина Неготино<br>23. Општина Охрид<br>24. Општина Пехчево<br>25. Општина Прилеп<br>26. Општина Пробиштип<br>27. Општина Радовиш<br>28. Општина Ресен<br>29. Општина Свети Николе<br>30. Општина Струга<br>31. Општина Струмица<br>32. Општина Тетово<br>33. Општина Штип |

| Тип на општина | Општини |
|---|---|
| **Рурални општини** | 34. Општина Арачиново<br>35. Општина Босилово<br>36. Општина Брвеница<br>37. Општина Василево<br>38. Општина Вевчани<br>39. Општина Врапчиште<br>40. Општина Градско<br>41. Општина Дебарца<br>42. Општина Дојран<br>43. Општина Долнени<br>44. Општина Желино<br>45. Општина Зелениково<br>46. Општина Зрновци<br>47. Општина Илинден<br>48. Општина Јегуновце<br>49. Општина Боговиње<br>50. Општина Карбинци<br>51. Општина Конче<br>52. Општина Кривогаштани<br>53. Општина Липково<br>54. Општина Лозово<br>55. Општина Маврово и Ростуша<br>56. Општина Могила<br>57. Општина Новаци<br>58. Општина Ново Село<br>59. Општина Петровец<br>60. Општина Пласница<br>61. Општина Ранковце<br>62. Општина Росоман<br>63. Општина Сопиште<br>64. Општина Старо Нагоричане<br>65. Општина Студеничани<br>66. Општина Теарце<br>67. Општина Центар Жупа<br>68. Општина Чашка<br>69. Општина Чешиново-Облешево<br>70. Општина Чучер- Сандево |

| Тип на општина | Општини |
|---|---|
| **Општини во рамки на Градот Скопје** | 71. Општина Аеродром<br>72. Општина Бутел<br>73. Општина Гази Баба<br>74. Општина Ѓорче Петров<br>75. Општина Карпош<br>76. Општина Кисела Вода<br>77. Општина Сарај<br>78. Општина Центар<br>79. Општина Чаир<br>80. Општина Шуто Оризари |
| Градот Скопје | 81. Град Скопје |

**Графикон 3. Визуелен пример за изведување на трите категории позиции на кандидатските листи за советници: 1) носител на листа, 2) горна половина и 3) долна половина од листата.**

| **Носител на листа** | |
|---|---|
| **1** | |
| **Прва половина** | |
| **2** | |
| **3** | |
| **4** | |
| **5** | |
| **Втора половина** | |
| **6** | |
| **7** | |
| **8** | |
| **9** | |

# НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА

Резултатите од анализата се прикажани во четири дела: 1) анализа на кандидатите за градоначалничката позиција во сите општини; 2) анализа на избраните градоначалници по крајните резултати по двата изборни круга; 3) анализа на кандидатите за советници во сите општини; 4) анализа на избраните советници во општините по финалните резултати.

## Анализа на кандидатите за градоначалници

### *1. Опис на примерокот кандидати за градоначалници*

На редовните локални избори во октомври 2021 година, градоначалници се избираа во 80 единици на локалната самоуправа и Градот Скопје како посебна единица составена од 10 општини. Согласно со податоците објавени од ДИК, учество зедоа n = 299 кандидати, од кои 8,4 % биле кандидатки (n=25). Од сите кандидати, 90,97 % (n = 272) беа кандидирани од 22 политички партии/коалиции, а 9,3 % (n = 27) беа независни кандидати кои успешно ја поминаа процедурата на собирање потписи за кандидатура за градоначалници. Од вкупно 49 политички субјекти кои учествуваа на локалните избори, ниту еден не предложи кандидат за градоначалничката позиција во сите 81 единици на локалната самоуправа во државата. Најголем број кандидати предложија СДСМ и нивната коалиција (23,1 % од сите кандидати, n = 69) и ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата (21,1 %, n = 63) (табела 3).

**Табела 3.** Преглед на кандидатури за градоначалници по политички субјект.

| Политички субјект | Број на кандидати за градоначалници | Процент од сите кандидатури за градоначалници | Процент на општини каде има кандидати | Процент на кандидатки по политички субјект |
|---|---|---|---|---|
| АА-ААА | 16 | 5,4 | 19,80% | 0,00% |
| БЕСА | 11 | 4 | 13,60% | 0,00% |
| Бошњачки демократски сојуз | 4 | 1 | 4,90% | 0,00% |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција | 63 | 21,1 | 77,80% | 4,80% |
| ГРОМ | 1 | 0 | 1,20% | 0,00% |
| Движење за национално единство на Турците | 1 | 0,3 | 1,20% | 0,00% |
| Демократи | 6 | 2 | 7,40% | 0,00% |
| Демократска партија на Турците | 5 | 2 | 6,20% | 0,00% |
| ДОМ и ЛДП | 18 | 6 | 22,20% | 27,80% |
| ДПА | 14 | 5 | 17,30% | 7,10% |
| ДУИ | 19 | 6 | 23,50% | 5,30% |
| Интегра | 10 | 3,3 | 12,30% | 10,00% |
| Комунистичка партија на Македонија | 1 | 0 | 1,20% | 0,00% |
| Левица | 8 | 3 | 9,90% | 25,00% |
| Македонска ера трета | 7 | 2 | 8,60% | 28,60% |

| Политички субјект | Број на кандидати за градоначалници | Процент од сите кандидатури за градоначалници | Процент на општини каде има кандидати | Процент на кандидатки по политички субјект |
|---|---|---|---|---|
| Независни кандидати | 27 | 9 | 24,70% | 7,40% |
| ПОДЕМ | 3 | 1 | 3,70% | 0,00% |
| Твоја Партија | 51,31 | 157 | 14,645 | 18 | 84 |
| ТМОРО | 47,07 | 361 | 15,691 | 18 | 86 |
| **Вкупно (Просек)** | **39,91** | **10.532** | **13,733** | **18** | **91** |

**Просечната возраст на кандидатските листи за советници е најниска во полошкиот регион (35,61 години; n = 1278), а највисока во скопскиот плански регион (42,53 години; n = 3498)** (табела 13). Просечната возраст на кандидатите за општинските совети е најниска во општините Желино (31,34 години; n = 95), Долнени (33,02 години; n = 180) и Могила (33,03 години; n = 110). Највисока просечна возраст може да се забележи на кандидатурите за општините Кисела Вода (48,86 години; n = 180), Карпош (48,3 години; n = 180) и Центар (46,86 години, n = 230). Во Анекс 1 е достапна мапа на сите општини прикажани во различни бои, според просечната возраст на кандидатите за советничките места.

**Табела 13. Преглед на просечна возраст на кандидати по плански региони.**

| Плански региони | Просечна возраст | Број на кандидатури за градоначалник | Стандардно отстапување | Најниска возраст | Највисока возраст |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопски | 42,53 | 3.498 | 15 | 18 | 89 |
| Вардарски | 41,48 | 920 | 14 | 18 | 84 |
| Источен | 39,53 | 745 | 13,549 | 18 | 91 |
| Југозападен | 38,03 | 1.154 | 13 | 18 | 82 |
| Југоисточен | 39,39 | 853 | 13 | 18 | 86 |
| Пелагониски | 38,62 | 1.273 | 14 | 18 | 85 |
| Полошки | 35,61 | 1.287 | 12 | 18 | 78 |
| Североисточен | 39,28 | 802 | 13 | 18 | 85 |
| **Вкупно** | **39,91** | **10.532** | **14** | **18** | **91** |

Доколку се разгледаат податоците низ призмата на Законот за територијална организација на локалната самоуправа, може да се забележи дека **кандидатите за советите во руралните општини се значително помлади од кандидатите за совети во урбаните општини, односно кандидатите за советот во Град Скопје** (табела 14). Во просек, **кандидатите во руралните општини се за околу 3 години помлади од кандидатите во урбаните општини. Тие пак се за повеќе од 4 години помлади од кандидатите во општинските совети во рамки на Скопје и советот во Град Скопје**.

**Табела 14. Преглед на просечна возраст на кандидати за градоначалник по тип на општина.**

| Тип на општина | Просечна возраст | Број на кандидатури | Стандардно отстапување | Најниска возраст | Највисока возраст |
|---|---|---|---|---|---|
| Урбана општина | 39,60 | 4927 | 13,267 | 18 | 91 |
| Рурална општина | 36,46 | 2732 | 12,472 | 18 | 85 |
| Општини во рамки на градот Скопје | 43,90 | 2198 | 14,631 | 18 | 89 |
| Град Скопје | 43,17 | 675 | 14,863 | 18 | 87 |

## 2. *Анализа на позицијата на младите кандидати на листите за советнички позиции во општините*

Како што беше споменато во поглавјето „Методологија и варијабли од интерес“, при анализа на позицијата на младите на кандидатските листи за членови на општинските совети, изведени беа три категории: 1) носители на кандидатски листи, 2) горна половина од листата (првата половина од вкупниот број кандидати на една листа, притоа одземајќи го носителот) и 3) долна половина (втората половина од кандидатите).

Просечната возраст на кандидатите носители е највисока (M = 43,33 години; n = 572) во споредба со кандидатите од горната половина (M = 39,52 години; n = 4980) и од долната половина на листите (39,91 години; n = 4980). Со други зборови, **кандидатите за носители се, во просек, повозрасни од своите колеги за 3,4, односно 3,8 години. Само 11,7 % од носителите на кандидатските листи спаѓаат во возрасната група од 18 до 29 години.** Од друга страна, **25 % од кандидатите во горната половина на листите се токму од најмладата возрасна група, со што младите се втората најзастапена возрасна група во горната половина од листите. Во долната половина, пак, младите се најзастапени - 29,5 % од кандидатите во оваа половина се на возраст од 18 до 29 години** (графикон 12).

**Графикон 12.** Преглед на кандидати за советнички листи според возрасни групи.

| Позиција на листа | | Број на кандидати | Процент од вкупниот број кандидатури на одредена позиција |
|---|---|---|---|
| Носител | 18 - 29 | 67 | 11,7 |
| | 30 - 39 | 167 | 29,2 |
| | 40 - 49 | 163 | 28,5 |
| | 50 - 59 | 122 | 21,3 |
| | 60 - 69 | 50 | 8,7 |
| | 70 - 79 | 3 | 0,5 |
| | Вкупно | 572 | 100 |
| Горна половина од листа | 18 - 29 | 1.247 | 25,0 |
| | 30 - 39 | 1.460 | 29,3 |
| | 40 - 49 | 1.169 | 23,5 |
| | 50 - 59 | 697 | 14,0 |
| | 60 - 69 | 313 | 6,3 |
| | 70 - 79 | 88 | 1,8 |
| | 80+ | 6 | 0,1 |
| | Вкупно | 4.980 | 100 |
| Долна половина од листа | 18 - 29 | 1.464 | 29,4 |
| | 30 - 39 | 1.294 | 26,0 |
| | 40 - 49 | 917 | 18,4 |
| | 50 - 59 | 709 | 14,2 |
| | 60 - 69 | 437 | 8,8 |
| | 70 - 79 | 129 | 2,6 |
| | 80+ | 30 | 0,6 |
| | Вкупно | 4.980 | 100 |

## Млади носители на кандидатски листи

**Од вкупно 92 политички субјекти, само 7 политички партии/коалиции и 6 независни групи избирачи предложиле млади носители на кандидатските листи за советници.** Најголем број млади носители се номинирани од политичките партии Левица (17,9 % од сите млади носители; n = 12), ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата (13,4 %; n = 9) и СДСМ и коалицијата (10,4 %; n = 7). Важно е да се нагласи дека **62 % од политичките партии и коалициите имаа млади носители на кандидатските листи за советници, како и 9,2 % од независните листи.** Од друга страна, 10 политички партии/коалиции и 59 независни кандидатски листи немаа ниту еден млад носител. Со други зборови, **дури 70 % од политичките субјекти на овие избори немаа млади носители на листи** (графикон 13). Дополнително, **ниту еден политички субјект нема кандидирано повеќе од 3 млади носителки на кандидатски листи.**

**Графикон 13. Преглед на кандидати за советници на позиција носители на листа (од возрасна група млади?).**

| Политички субјект | Број на кандидати | Процент |
|---|---|---|
| АА-ААА | 3 | 4,5 |
| БЕСА | 3 | 4,5 |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција | 9 | 13,4 |
| ВМРО Народна партија | 1 | 1,5 |
| Движење национално единство на Турците | 1 | 1,5 |
| Демократи | 3 | 4,5 |
| Демократска партија на Турците | 3 | 4,5 |
| ДОМ и ЛДП | 5 | 7,5 |
| ДПА | 4 | 6 |
| ДСР | 1 | 1,5 |
| ДУИ | 3 | 4,5 |
| Единствена Македонија | 2 | 3 |
| Левица | 12 | 17,9 |
| Независни кандидати | 6 | 9 |
| ПДТ | 1 | 1,5 |
| Родина Македонија | 1 | 1,5 |
| СДСМ и коалиција | 7 | 10,4 |
| ТМОРО | 2 | 3 |
| **Вкупно** | **67** | **100** |

**Најголем процент од младите носители на советничките листи се во скопскиот плански регион,** односно 25,4 % (n=17) од вкупниот број на млади носители, **по што следат полошкиот и југозападниот плански регион** со 16,4 % (n=11 поединечно). **Во сите 8 плански региони има млади носители на кандидатските листи за општинските совети,** но најмалку има во североисточниот и југоисточниот плански регион со еднакви 6 % од вкупниот број на млади носители (n=4 поединечно).

**Во 44 општини (54,32 % од сите општини) имало вкупно 67 носители на кандидатските листи за советници кои биле на возраст од 18 до 29 години.** Најголем број млади носители на советнички листи имало во Студеничани (n = 5) и Могила (n = 4). **Повеќе од половина од младите носители (55,2 %; n = 37) на советничките листи се во рурални општини, а 32,8 % (n = 22) се во урбани општини. Останатите 11,9 % (n = 8) од младите носители на советнички листи се во општините кои се дел од Градот Скопје, додека на кандидатските листи за советници на Градот Скопје немаше млади носители.**

## Млади кандидати во горна половина од кандидатски листи

Најголем процент млади кандидати во горната половина од сите кандидатски листи предложи СДСМ и коалицијата со 12,9 % (n = 161) од вкупниот број млади кандидати во горната половина на сите листи, по што следуваат независните листи со 11,6 % (n = 145) и АА-ААА со 8,7 % (n = 109). Од добиените податоци можеме и да забележиме дека оние политички субјекти кои имале поголем број на кандидати имаат и поголем број на млади. Интересно е да се спомене дека младите кандидати претставуваат значаен дел од горната половина на кандидатските листи предложени од овие три политички субјекти. Па така, на кандидатските листи предложени од СДСМ и коалицијата 25,2 % од горната половина кандидати се млади. Ова е точно за 27,2 % од кандидатите на горната половина од независните листи и 38,5 % од кандидатите на горната половина на кандидатските листи поднесени од АА-ААА. Два политички субјекти (РОМ-РОМЕСКЕ и Движење за демократија, права и слобода) воопшто немаат кандидати во возрасната група од 18 до 29 години, односно воопшто немаат млади во горната половина на своите советнички листи.

Најголем процент млади во горната половина од своите листи предложиле ДСР (80 % од горните половини на нивните листи се млади; n = 12 од 15 позиции), по што следуваат ПДТ (50 %; n = 22 од 44 позиции), Македонска ера трета (44,1 %; n = 15 од 34) и БЕСА (43 %; n = 99 од 230 позиции). Во Анекс 1 е достапен детален преглед на податоците за учеството на младите на горните половини на кандидатските листи поднесени од страна на сите политички субјекти.

**Најголем процент кандидати на возраст од 18 до 29 години на горните позиции на кандидатските листи има во полошкиот плански регион,** со 34,9 % (n = 214) од вкупниот број на кандидати во регионот (графикон 14). **Полошкиот плански регион е и единствениот регион каде кандидатите на возраст од 18 до 29 години се најзастапени на горните позиции на советничките листи, во споредба со другите возрасни групи. По полошкиот регион, најголем процент млади кандидати на горните позиции од кандидатските листи има во пелагонискиот (30,7 %; n = 184) и југозападниот регион (29,5 %; n = 160).** Најмало учество на млади кандидати на горните позиции на поднесените листи имало во скопскиот плански регион (19,1 %; n = 318), по што следеа југоисточниот (22,9 %; n = 92) и вардарскиот плански регион (22,4 %; n = 96).

**Графикон 14.** **Преглед на кандидатите на горната половина од поднесените листи според возрасни категории и плански региони.**

| | | 18 - 29 | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | 60 - 69 | 70 - 79 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопски | Вкупно | 318 | 440 | 416 | 294 | 150 | 48 |
| | % во општини по региони | 19,10% | 26,40% | 24,90% | 17,60% | 9,00% | 2,90% |
| Вардарски | Вкупно | 96 | 122 | 111 | 55 | 33 | 11 |
| | % во општини по региони | 22,40% | 28,50% | 25,90% | 12,90% | 7,70% | 2,60% |
| Источен | Вкупно | 84 | 115 | 67 | 54 | 20 | 4 |
| | % во општини по региони | 24,30% | 33,20% | 19,40% | 15,60% | 5,80% | 1,20% |
| Југозападен | Вкупно | 160 | 171 | 133 | 55 | 22 | 1 |
| | % во општини по региони | 29,50% | 31,50% | 24,50% | 10,10% | 4,10% | 0,20% |
| Југоисточен | Вкупно | 92 | 124 | 96 | 62 | 19 | 7 |
| | % во општини по региони | 22,90% | 30,90% | 23,90% | 15,50% | 4,70% | 1,70% |
| Пелагониски | Вкупно | 184 | 184 | 119 | 73 | 26 | 14 |
| | % во општини по региони | 30,70% | 30,70% | 19,80% | 12,20% | 4,30% | 2,30% |
| Полошки | Вкупно | 214 | 197 | 129 | 53 | 19 | 1 |
| | % во општини по региони | 34,90% | 32,10% | 21,00% | 8,60% | 3,10% | 0,20% |
| Североисточен | Вкупно | 99 | 107 | 98 | 51 | 24 | 2 |
| | % во општини по региони | 26,00% | 28,10% | 25,70% | 13,40% | 6,30% | 0,50% |
| Вкупно | Вкупно | 1247 | 1,460 | 1169 | 697 | 313 | 88 |
| | % во општини по региони | 25,00% | 29,30% | 23,50% | 14,00% | 6,30% | 1,80% |

Во поглед на типот на општина во која се кандидирани (урбана наспроти рурална), **младите се застапени со 35,6 % на горните половини од кандидатските листи во руралните општини, односно со 24,3 % во урбаните општини**[12] (графикон 15). **Во општините во рамки на Градот Скопје, младите се застапени со само 16,3 % на горните половини од кандидатските листи. На кандидатските листи за советничките места во градот Скопје, 18,5 % од вкупниот број кандидати во горната половина од листите се на возраст помеѓу 18 и 29 години.**

**Графикон 15. Преглед на кандидатите за советници во горна и долна половина од поднесените листи, според возрасна група и тип на општина.**

| | | возраст | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18 - 29 | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | 60 - 69 | 70 - 79 | 80+ | |
| Урбани општини | Вкупно | 567 | 735 | 559 | 306 | 132 | 36 | 3 | 2.338 |
| | % на кандидирани во урбани оптшини | 24,30% | 31,40% | 23,90% | 13,10% | 5,60% | 1,50% | 0,10% | 100,00% |
| Рурални општини | Вкупно | 448 | 376 | 254 | 133 | 44 | 5 | 0 | 1.260 |
| | % на кандидирани во рурални општини | 35,60% | 29,80% | 20,20% | 10,60% | 3,50% | 0,40% | 0,00% | 100,00% |
| Општини во рамки на градот Скопје | Вкупно | 171 | 264 | 280 | 203 | 96 | 35 | 3 | 1.052 |
| | % на кандидирани во општини во градот Скопје | 16,30% | 25,10% | 26,60% | 19,30% | 9,10% | 3,30% | 0,30% | 100,00% |
| Вкупно | Вкупно | 1.186 | 1.375 | 1.093 | 642 | 272 | 76 | 6 | 4.650 |
| | вкупен % на кандидирани | 25,50% | 29,60% | 23,50% | 13,80% | 5,80% | 1,60% | 0,10% | 100,00% |

| | | | **18 - 29** | **30 - 39** | **40 - 49** | **50 - 59** | **60 - 69** | **70 - 79** | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| кандидати во Скопје | Градот Скопје | Вкупно | 61 | 85 | 76 | 55 | 41 | 12 | 330 | кандидати во Скопје **100.0%** |
| | | % на кандидати во Скопје | 18,50% | 25,80% | 23,00% | 16,70% | 12,40% | 3,60% | 100,00% | |
| Вкупно | | Вкупно | 61 | 85 | 76 | 55 | 41 | 12 | 330 | Вкупно **100.0%** |
| | | % на кандидати во Скопје | 18,50% | 25,80% | 23,00% | 16,70% | 12,40% | 3,60% | 100,00% | |

[12] Надвор од општините во рамки на Градот Скопје и самиот град како посебна единица на локалната самоуправа.

## Млади кандидати во долна половина од кандидатски листи

Најголем процент млади кандидати во долната половина од сите кандидатски листи предложи СДСМ и коалицијата со 18,1 % (n = 265) од вкупниот број млади кандидати во долната половина на сите листи, по што следуваат ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата (12,2 %; n = 179) и независните кандидатски листи (10,7 %; n = 156). Важно е да се нагласи дека кај овие политички субјекти значаен процент од кандидатите во долните половини од нивните листи се млади. Па така, 41,5 % од вкупниот број на кандидати на СДСМ и коалицијата од долната половина на поднесените листи се на 18 до 29 годишна возраст. Млади се 31,1 % од кандидатите од долната половина на листите поднесени од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и 29,3 % од долната половина од независните листи. Сличен е трендот како кај кандидатурите од горната половина на листите, каде политичките субјекти кои имаат најголем број на кандидати имаат и најголем број на млади во долните половини на листите.

Најголем процент на млади на долните половини на своите листи предложиле Движење за национално единство на Турците (46.9% од долните половини на нивните листи се млади; n = 23), по што следат ДСР (46,7 %; n = 7) и Македонска ера трета (44,1 %; n = 15). Во Анекс 1 е достапен детален преглед на податоците за учеството на младите на долните половини на кандидатските листи поднесени од страна на сите политички субјекти.

**Младите се доминантен процент од вкупниот број кандидати во долните половини во сите плански региони, освен во вардарскиот (каде што се втора најзастапена возрасна група).** Најголем процент млади во долните половини од листите се забележува во полошкиот регион со 38,5 % (n = 187) од вкупниот број кандидати. По полошкиот следат три плански региони со еднаков процент на млади во долните половини од кандидатските листи (31,2 %), а тоа се пелагонискиот (n = 187), југозападниот (n = 168) и југоисточниот плански регион (n = 125) (графикон 16).

**Графикон 16. Преглед на кандидатите на долната половина од поднесените листи според возрасни категории и плански региони.**

| | | возраст | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18 - 29 | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | 60 - 69 | 70 - 79 |
| Скопски | Вкупно | 421 | 367 | 319 | 282 | 189 | 72 |
| | % во општини по региони | 25,20% | 22,00% | 19,10% | 16,90% | 11,30% | 4,30% |
| Вардарски | Вкупно | 110 | 114 | 74 | 70 | 48 | 10 |
| | % во општини по региони | 25,70% | 26,60% | 17,30% | 16,40% | 11,20% | 2,30% |
| Источен | Вкупно | 104 | 101 | 58 | 48 | 23 | 11 |
| | % во општини по региони | 30,00% | 29,10% | 16,70% | 13,80% | 6,60% | 3,20% |
| Југозападен | Вкупно | 169 | 149 | 112 | 61 | 37 | 12 |
| | % во општини по региони | 31,20% | 27,50% | 20,70% | 11,30% | 6,80% | 2,20% |
| Југоисточен | Вкупно | 125 | 111 | 75 | 46 | 38 | 5 |
| | % во општини по региони | 31,20% | 27,70% | 18,70% | 11,50% | 9,50% | 1,20% |
| Пелагониски | Вкупно | 187 | 158 | 106 | 83 | 54 | 9 |
| | % во општини по региони | 31,20% | 26,30% | 17,70% | 13,80% | 9,00% | 1,50% |

| | | возраст | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18 - 29 | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | 60 - 69 | 70 - 79 |
| Полошки | Вкупно | 236 | 183 | 101 | 70 | 21 | 2 |
| | % во општини по региони | 38,50% | 29,90% | 16,50% | 11,40% | 3,40% | 0,30% |
| Североисточен | Вкупно | 112 | 111 | 72 | 49 | 27 | 8 |
| | % во општини по региони | 29,40% | 29,10% | 18,90% | 12,90% | 7,10% | 2,10% |
| Вкупно | Вкупно | 1464 | 1294 | 917 | 709 | 437 | 129 |
| | % во општини по региони | 29,40% | 26,00% | 18,40% | 14,20% | 8,80% | 2,60% |

Ако се анализира типот на општина во која се кандидирани (урбана наспроти рурална), **младите се застапени со 36,5 % од вкупниот број кандидати на долните половини од листите во руралните општини, односно со 29,5 % во урбаните општини**[13]**. Во општините во рамки на Градот Скопје, младите се застапени со 22 % од вкупниот број кандидати во долната половина од поднесените листи. На кандидатските листи за советничките места во градот Скопје, 25,5 % од вкупниот број кандидати во долната половина се млади** (графикон 17).

**Графикон 17. Преглед на кандидатите на долната половина од поднесените листи според возрасни категории и плански региони .**

| Позиција на лист носител /горна/долна | | | | возраст | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 18 - 29 | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | 60 - 69 | 70 - 79 | 80+ | |
| Долна | Урбани и рурални општини | Урбан | Вкупно | 690 | 649 | 438 | 303 | 202 | 49 | 10 | 2.341 |
| | | | % на кандидирани во урбани оштини | 29,50% | 27,70% | 18,70% | 12,90% | 8,60% | 2,10% | 0,40% | 100,00% |
| | | Рурал | Вкупно | 459 | 362 | 205 | 160 | 59 | 11 | 2 | 1.258 |
| | | | % на кандидирани во рурални општини | 36,50% | 28,80% | 16,30% | 12,70% | 4,70% | 0,90% | 0,20% | 100,00% |
| | | Општини во рамки на градот Скопје | Вкупно | 231 | 206 | 218 | 192 | 135 | 56 | 13 | 1.051 |
| | | | % на кандидирани во општините во Скопје | 22,00% | 19,60% | 20,70% | 18,30% | 12,80% | 5,30% | 1,20% | 100,00% |
| | Вкупно | | Вкупно | 1.380 | 1.217 | 861 | 655 | 396 | 116 | 25 | 4.650 |
| | | | вкупен % на кандидирани | 29,70% | 26,20% | 18,50% | 14,10% | 8,50% | 2,50% | 0,50% | 100,00% |

| Позиција на лист носител /горна/долна | | | | возраст | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 18 - 29 | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | 60 - 69 | 70 - 79 | 80+ | |
| Долна | кандидати во Скопје | Градот Скопје | Вкупно | 84 | 77 | 56 | 54 | 41 | 13 | 5 | 330 |
| | | | % во кандидати во Скопје | 25,50% | 23,30% | 17,00% | 16,40% | 12,40% | 3,90% | 1,50% | 100,00% |
| | Вкупно | | Вкупно | 84 | 77 | 56 | 54 | 41 | 13 | 5 | 330 |
| | | | % во кандидати во Скопје | 25,50% | 23,30% | 17,00% | 16,40% | 12,40% | 3,90% | 1,50% | 100,00% |

[13] Надвор од општините во рамки на Градот Скопје и самиот град како посебна единица на локалната самоуправа.

### 3. *Анализа на примерокот кандидати за советници од родова перспектива*

**Кандидатките за советници се значително помалку застапени на позициите носител на кандидатска листа - само 19,4 % (n = 111) од носителите на листите биле жени** (графикон 18). Сличен родов јаз може да се забележи и кај младите носители на советнички листи. **Од вкупно 11, 7 % млади од вкупниот број носители, само 22, 4 % се жени.** Дополнително, тие се позастапени во руралните општини (73,3 % од младите носителки на листи се кандидирани во рурални општини). Од друга страна, жените во останатите возрасни групи се позастапени како носителки во другите видови општини (урбани општини, општини во рамки на Градот Скопје и советничките листи за советот во Град Скопје).

**Графикон 18. Преглед на кандидати за советници - носители на листа според возрасни групи и пол.**

| Позиција на лист носител /горна/долна | | | | возраст | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 18 - 29 | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | 60 - 69 | 70 - 79 | |
| Носител | Пол | Жени | Вкупно | 15 | 37 | 33 | 20 | 6 | 0 | 111 |
| | | | % во Пол | 13,50% | 33,30% | 29,70% | 18,00% | 5,40% | 0,00% | 100,00% |
| | | | % во возрасна категорија | 22,40% | 22,20% | 20,20% | 16,40% | 12,00% | 0,00% | 19,40% |
| | | Мажи | Вкупно | 52 | 130 | 130 | 102 | 44 | 3 | 461 |
| | | | % во Пол | 11,30% | 28,20% | 28,20% | 22,10% | 9,50% | 0,70% | 100,00% |
| | | | % во возрасна категорија | 77,60% | 77,80% | 79,80% | 83,60% | 88,00% | 100,00% | 80,60% |
| | Вкупно | | Вкупно | 67 | 167 | 163 | 122 | 50 | 3 | 572 |
| | | | % во Пол | 11,70% | 29,20% | 28,50% | 21,30% | 8,70% | 0,50% | 100,00% |
| | | | % во возрасна категорија | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

Вкупно 15 политички партии/коалиции и 10 независни групи избирачи поднеле кандидатски листи за советници предводени од жени (графикон 19). 12 политички партии/коалиции воопшто не предложиле носителки на советнички листи, а истото е точно за 55 независни листи. Најголем број кандидатури на позицијата носителка на советничка листа поднеле СДСМ и коалицијата (25,2 % од вкупниот број носителки; n = 28), ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата (13,5 %; n = 15) и Левица (9 %; n = 10). Десет независни листи (15,38 %, од вкупно 65 листи) биле предводени од жени.

**Графикон 19. Преглед на носители на кандидатски листи според пол и политички субјект.**

| Политички субјект | Жени | Процент од вкупен број на жени носителки | Мажи | Процент од вкупен број мажи носители |
|---|---|---|---|---|
| АА-ААА | 1 | 0,9 | 29 | 6,3 |
| Алијанса за Албанците | 0 | 0 | 1 | 0,2 |
| БЕСА | 2 | 1,8 | 21 | 4,6 |
| Бошњачки демократски сојуз | 5 | 4,5 | 6 | 1,3 |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција | 15 | 13,5 | 59 | 12,8 |
| ВМРО Народна партија | 0 | 0 | 5 | 1,1 |
| ГРОМ | 0 | 0 | 1 | 0,2 |

| Политички субјект | Жени | Процент од вкупен број на жени носителки | Мажи | Процент од вкупен број мажи носители |
|---|---|---|---|---|
| Движење за демократија, права и слобода | 0 | 0 | 1 | 0,2 |
| Движење за национално единство на Турците | 0 | 0 | 5 | 1,1 |
| Демократи | 2 | 1,8 | 12 | 2,6 |
| Демократска партија на Турците | 0 | 0 | 15 | 3,3 |
| ДОМ и ЛДП | 9 | 8,1 | 42 | 9,1 |
| ДПА | 2 | 1,8 | 15 | 3,3 |
| ДСР | 0 | 0 | 1 | 0,2 |
| ДУИ | 6 | 5,4 | 28 | 6,1 |
| Единствена Македонија | 7 | 6,3 | 26 | 5,6 |
| Интегра | 4 | 3,6 | 16 | 3,5 |
| Левица | 10 | 9 | 28 | 6,1 |
| МААК | 0 | 0 | 2 | 0,4 |
| Македонска ера трета | 0 | 0 | 5 | 1,1 |
| Независни кандидати | 10 | 9 | 55 | 11,9 |
| ПДТ | 0 | 0 | 6 | 1,3 |
| ПОДЕМ | 0 | 0 | 3 | 0,7 |
| Родина Македонија | 6 | 5,4 | 3 | 0,7 |
| РОМ-РОМЕСКЕ | 0 | 0 | 1 | 0,2 |
| СДСМ и коалиција | 28 | 25,2 | 53 | 11,5 |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 0 | 0 | 2 | 0,4 |
| Твоја Партија | 1 | 0,9 | 6 | 1,3 |
| ТМОРО | 3 | 2,7 | 14 | 3 |
| **Вкупно** | **111** | **100** | **461** | **100** |

Во однос на женското учество во горната и долната половина на листите, законската квота за минимум 40 % од помалку застапениот пол е надмината (графикон 20). Од вкупниот број кандидати во горната половина на листите 44,3 % се жени, додека тоа е точно за 48,6 % од кандидатите во долната половина. Ваквите податоци посочуваат дека и покрај исполнувањето на законската квота, кандидатките за советнички почесто се наоѓаат на долните половини од кандидатските листи, што може да се забележи во сите плански региони. Интересно е да се нагласи дека во возрасната група од 18 до 29 години, кандидатките за советнички се речиси еднакво застапени со колегите кандидати. Во горната половина од листите, 52,3 % се жени, а во долната половина, 50,1 %. Важно е и да се забележи дека младите жени имаат поголеми шанси да се на горната половина на кандидатските листи, по што опаѓа процентот на застапеност. Од друга страна пак кај младите мажи можеме да го забележиме обратниот тренд, односно колку се по возрасни, толку се и поголеми шансите да бидат на горниот дел од кандидатските листи.

**Графикон 20. Преглед на кандидати за советници според позиција на листа, возрасни групи и пол.**

| Позиција на лист носител /горна/долна | | | | возраст | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 18 - 29 | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | 60 - 69 | 70 - 79 | 80+ | |
| Горна позиција | Пол | Жени | Вкупно | 652 | 628 | 508 | 271 | 106 | 41 | 1 | 2.207 |
| | | | % во Пол | 29,50% | 28,50% | 23,00% | 12,30% | 4,80% | 1,90% | 0,00% | 100,00% |
| | | | % во возрасна категорија | 52,30% | 43,00% | 43,50% | 38,90% | 33,90% | 46,60% | 16,70% | 44,30% |
| | | Мажи | Вкупно | 595 | 832 | 661 | 426 | 207 | 47 | 5 | 2.773 |
| | | | % во Пол | 21,50% | 30,00% | 23,80% | 15,40% | 7,50% | 1,70% | 0,20% | 100,00% |
| | | | % во возрасна категорија | 47,70% | 57,00% | 56,50% | 61,10% | 66,10% | 53,40% | 83,30% | 55,70% |
| | Вкупно | | Вкупно | 1.247 | 1.460 | 1.169 | 697 | 313 | 88 | 6 | 4.980 |
| | | | % во Пол | 25,00% | 29,30% | 23,50% | 14,00% | 6,30% | 1,80% | 0,10% | 100,00% |
| | | | % во возрасна категорија | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |
| Долна | Пол | Жени | Вкупно | 733 | 622 | 445 | 344 | 197 | 62 | 18 | 2.421 |
| | | | % во Пол | 30,30% | 25,70% | 18,40% | 14,20% | 8,10% | 2,60% | 0,70% | 100,00% |
| | | | % во возрасна категорија | 50,10% | 48,10% | 48,50% | 48,50% | 45,10% | 48,10% | 60,00% | 48,60% |
| | | Мажи | Вкупно | 731 | 672 | 472 | 365 | 240 | 67 | 12 | 2.559 |
| | | | % во Пол | 28,60% | 26,30% | 18,40% | 14,30% | 9,40% | 2,60% | 0,50% | 100,00% |
| | | | % во возрасна категорија | 49,90% | 51,90% | 51,50% | 51,50% | 54,90% | 51,90% | 40,00% | 51,40% |
| | Вкупно | | Вкупно | 1.464 | 1.294 | 917 | 709 | 437 | 129 | 30 | 4.980 |
| | | | % во Пол | 29,40% | 26,00% | 18,40% | 14,20% | 8,80% | 2,60% | 0,60% | 100,00% |
| | | | % во возрасна категорија | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

Во горните половини од кандидатските листи, кандидатките за советнички се генерално помалку застапени од кандидатите. 44,5 % од горните половини во урбаните општини се кандидатки (наспроти 55,5 % кандидати), а 43,4 % во руралните општини (наспроти 56,6 % кандидати). **43,9 % од горните половини од кандидатските листи за советници во општините во рамки на Скопје се кандидатки, наспроти 56,1 % кандидати. Слична е состојбата и на кандидатските листи за советници во Скопје - жените се застапени со 47,6 % во горната половина (наспроти 52,4 % мажи), односно 46,7 % во долната половина (наспроти 53,3 % мажи).** Единствената позиција каде кандидатките се побројни од своите колеги е долната половина од кандидатските листи во руралните општини (50,3 % кандидатки наспроти 49,7 % кандидати) (графикон 21).

**Графикон 21. Преглед на кандидати за советници во однос на пол, тип на општина и позиција на листа.**

| Урбани и рурални општини | | | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Женски | Машки | |
| Позиција на листа носител/горна/ долна Град Скопје | Носител | Вкупно | 2 | 13 | 15 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 13,3% | 86,7% | 100% |
| | Горна позиција | Вкупно | 157 | 173 | 330 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 47,6% | 52,4% | 100% |
| | Долна позиција | Вкупно | 154 | 176 | 330 |
| | | % во Позиција на листа носител/ горна/долна | 46,7% | 53,3% | 100% |
| Вкупно | | Вкупно | 313 | 362 | 675 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 46,4% | 53,6% | 100% |
| Позиција на листа носител/горна/ долна Урбан | Носител | Вкупно | 48 | 200 | 248 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 19,4% | 80,6% | 100% |
| | Горна позиција | Вкупно | 1.041 | 1.297 | 2.338 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 44,5% | 55,5% | 100% |
| | Долна позиција | Вкупно | 1.137 | 1.204 | 2.341 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 48,6% | 51,4% | 100% |
| Вкупно | | Вкупно | 2226 | 2701 | 4927 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 45,2% | 54,8% | 100% |
| Позиција на листа носител/горна/ долна Рурал | Носител | Вкупно | 29 | 185 | 214 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 13,6% | 86,4% | 100% |
| | Горна позиција | Вкупно | 547 | 713 | 1.260 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 43,4% | 56,6% | 100% |
| | Долна позиција | Вкупно | 633 | 625 | 1.258 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 50,3% | 49,7% | 100% |
| Вкупно | | Вкупно | 1.209 | 1.523 | 2.732 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 44,3% | 55,7% | 100% |
| Позиција на листа носител/горна/ долна во општини во рамки на Градот Скопје | Носител | Вкупно | 32 | 63 | 95 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 33,7% | 66,3% | 100% |
| | Горна позиција | Вкупно | 462 | 590 | 1.052 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 43,9% | 56,1% | 100% |
| | Долна позиција | Вкупно | 497 | 554 | 1.051 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 47,3% | 52,7% | 100% |
| Вкупно | | Вкупно | 991 | 1.207 | 2.198 |
| | | % во Позиција на листа носител/горна/долна | 45,1% | 54,9% | 100% |

# Анализа на избраните советници

### 1. *Опис на примерокот избрани советници*

Во овој дел се презентирани наоди од анализата на податоците за избраните членови на општинските совети во сите 81 единици на локална самоуправа, кои беа преземени од веб-страницата на ДИК.

Најголем број советнички места (n = 467; 34,7 % од сите избрани советници) добиле кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата, по кои следува СДСМ и коалицијата (n = 401 избран советник; 29,8 % од вкупниот број избрани советници). Ваквата поставеност на изборните резултати во однос на советничките позиции е очекувана, ако се земе предвид дека овие две политички партии и коалиции имаа и најголем број кандидати за советничките позиции. По нив следат избраните советници од политичката партија ДУИ (n = 170; 12,6 %) (табела 15).

**Табела 15. Дистрибуција на освоени советнички места според политички субјект.**

| Политичка партија | избрани млади | избрани советници на политички субјект | % од избрани млади | % од избрани во пол. Субјект |
|---|---|---|---|---|
| СДСМ и коалиција | 68 | 403 | 28,9% | 16,9% |
| Левица | 11 | 49 | 4,7% | 22,4% |
| ВМРО и коалиција | 72 | 468 | 30,6% | 15,4% |
| ДУИ | 45 | 171 | 19,1% | 26,3% |
| АА-ААА | 15 | 81 | 6,4% | 18,5% |
| Демократска партија на Турците | 4 | 17 | 1,7% | 23,5% |
| ДПА | 2 | 9 | 0,9% | 22,2% |
| ЛДП и ДОМ | 1 | 29 | 0,4% | 3,6% |
| Независни кандидати | 8 | 67 | 3,4% | 11,9% |
| БЕСА | 7 | 36 | 3,0% | 19,4% |
| Други | 2 | 17 | 0,9% | 11,8% |
| **Вкупно** | **235** | **1.347** | **100%** | **17,45%** |

**Просечната возраст на избраните 1.347 советници во сите 80 општини и Градот Скопје изнесува 39,63 години, што е за околу три години пониско од избраните градоначалници. Вкупно 64,3 % од избраните советници се на возраст помеѓу 30 и 49 години, а најзастапена возрасна група се советниците на возраст помеѓу 30 и 39 години (35,0 %; n = 472).** Од друга страна, **младите се застапени со 17,4 % (n = 235) од сите избрани советници** (графикон 22). **При тоа, важно е да се забележи дека релативно мал број од предложените млади кандидати се избрани за советници. Станува збор за само 8,5 % од младите кандидати, во споредба со 12,63 % од вкупниот број предложени кандидати,** што ја потенцира важноста на позицијата која младите кандидати ја имале на поднесените листи.

**Графикон 22. Дистрибуција на избраните советници според возрасни групи.**

| | | Број | Проценти |
|---|---|---|---|
| Изгласани | 18 - 29 | 235 | 17,4 % |
| | 30 - 39 | 472 | 35,0 % |
| | 40 - 49 | 395 | 29,3 % |
| | 50 - 59 | 195 | 14,5 % |
| | 60 - 69 | 47 | 3,5 % |
| | 70 - 79 | 3 | 0,2 % |
| | Вкупно | 1.347 | 100,0 % |

Најголем процент од вкупниот број избрани млади советници произлегуваат од двата политички субјекти кои имаа и најголем број кандидати на локалните избори. Речиси една третина (30,6 %) од избраните млади советници биле предложени од страна на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата, а 28,9 % од страна на СДСМ и коалицијата. Младите кандидати за советници од мнозинството партии воопшто не беа избрани за членови на општинските совети.

Најниска просечна возраст на избраните советници може да се забележи во општините Сарај (31,47 години), Конче (33,11 години) и Карбинци (33,44 години). Највисока просечна возраст имаат избраните советници во Пехчево (46,91 години), Неготино (45,47 години) и Гевгелија (44,53 години). На ниво на главниот град, просечната возраст на избраните советници е 41,96 години. Во Анекс 1 е достапна табела со просечната возраст на избраните советници во сите единици на локалната самоуправа во државата.

Доколку се разгледа просечната возраст на избраните советници во различните региони во државата, не се забележува значајна разлика помеѓу регионите (табела 16). Сепак, интересно е да се забележи дека **во регионите со градоначалници со пониска просечна возраст во споредба со другите региони избрани се советници со повисока просечна возраст.** Таков пример е вардарскиот плански регион, каде просечната возраст на градоначалниците е меѓу најниските (M = 38,22 години), а таа на советниците е највисока во споредба со останатите региони (M = 41,7 години).

**Табела 16. Просечна возраст на избрани советници според плански региони.**

| Плански региони | Просечна возраст | Број на избрани советници | Стандардно отстапување | Најниска возраст | Највисока возраст |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопски | 40,26 | 362 | 10,644 | 20 | 69 |
| Вардарски | 41,70 | 119 | 9,562 | 23 | 65 |
| Источен | 39,47 | 153 | 10,871 | 19 | 78 |
| Југозападен | 39,74 | 148 | 10,640 | 20 | 63 |
| Југоисточен | 38,51 | 160 | 10,509 | 21 | 68 |
| Пелагониски | 39,35 | 141 | 10,588 | 20 | 65 |
| Полошки | 37,63 | 160 | 10,095 | 19 | 67 |
| Североисточен | 40,35 | 104 | 10,271 | 21 | 67 |
| Вкупно | 39,63 | 1.347 | 10,491 | 19 | 78 |

При анализа на просечната возраст во урбаните и руралните општини, како и општините во рамки на градот Скопје и Градот Скопје, може да се забележи дека **избраните советници во руралните општини се во просек помлади, во споредба со општините од другите две категории** (табела 17). **Просечната возраст на избраните советници во руралните општини е 37,87 години,** додека **избраните советници во урбаните општини, оние во рамки на главниот град и Градот Скопје имаат просечна возраст од околу 40 години.**

**Табела 17. Просечна возраст на избраните советници во општините, поделени според типот на општината.**

| Тип на општина | Просечна возраст | Број на избрани советници | Стандардно отстапување | Најниска возраст | Највисока возраст |
|---|---|---|---|---|---|
| Урбана | 40,29 | 634 | 10,390 | 19 | 78 |
| Рурална | 37,87 | 438 | 10,261 | 19 | 67 |
| Општините во рамки на градот Скопје | 40,70 | 230 | 10,598 | 20 | 69 |
| Град Скопје | 41,96 | 45 | 11,658 | 23 | 66 |

### 1. *Анализа на избраните советници од родова перспектива*

Ако се земе предвид дека 45 % од предложените кандидати за советници беа жени кои најчесто беа застапени во долната половина од поднесените листи, особено е важно да се истакне дека **само 36,2 % од сите избрани советници се жени. Со други зборови, иако законската квота за помалку застапениот пол на кандидатските листи е исполнета и надмината, кандидатките сè уште почесто се наоѓаат на недобитните позиции на листите** што всушност значи дека застапеноста на кандидатките понатаму не се пресликува во бројот на избрани советнички. Интересно е да се забележи дека **родовиот јаз помеѓу избраните советници и советнички е најмал во возрасната група помеѓу 18 и 29 години - 43,4 % од избраните советници во оваа група се жени, а останатите 56,6 % мажи.** Во сите други возрасни групи, родовиот јаз е поголем - избраните советници се речиси двојно побројни од советничките (графикон 23).

**Графикон 23. Дистрибуција на избраните советници според возрасни групи и пол.**

| | | | 18 - 29 | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | 60 - 69 | 70 – 79 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Вкупно | 102 | 166 | 137 | 70 | 12 | 1 | 488 |
| | | % во Пол | 20,90% | 34,00% | 28,10% | 14,30% | 2,50% | 0,20% | 100,00% |
| | | % во возрасна категорија | 43,40% | 35,20% | 34,70% | 35,90% | 25,50% | 33,30% | 36,20% |
| | Мажи | Вкупно | 133 | 306 | 258 | 125 | 35 | 2 | 859 |
| | | % во Пол | 15,50% | 35,60% | 30,00% | 14,60% | 4,10% | 0,20% | 100,00% |
| | | % во возрасна категорија | 56,60% | 64,80% | 65,30% | 64,10% | 74,50% | 66,70% | 63,80% |
| Вкупно | | Вкупно | 235 | 472 | 395 | 195 | 47 | 3 | 1.347 |
| | | % во Пол | 17,40% | 35,00% | 29,30% | 14,50% | 3,50% | 0,20% | 100,00% |
| | | % во возрасна категорија | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

**Кандидатките за советнички се значително помалку избрани во руралните општини - само 27,5 од избраните советници во овој тип општини се жени, што е за 8 % помалку од урбаните општини. Родовиот јаз е најмал во Градот Скопје и општините во рамки на градот Скопје, каде 40 % од избраните советници се жени** (графикон 24). Ваквите податоци се отсликуваат и при анализа на избраните советници според плански региони. Во сите региони, процентот на избрани советнички се движи помеѓу 32 % од вкупниот број советници (во југозападниот регион) до 40 % (во источниот регион). Нема значајна разлика помеѓу просечната возраст на избраните советнички и советници - избраните жени се во просек околу година и пол помлади од своите колеги.

**Графикон 24.** **Преглед на избраните советници според пол и тип на општина.**

| | | | Урбан | Рурал | Општините во рамки на градот Скопје | Град Скопје | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | Жени | Вкупно | 243 | 134 | 93 | 18 | 488 |
| | | % на жени | 49,80% | 27,50% | 19,00% | 3,70% | 100,00% |
| | | % во општини | 38,30% | 30,30% | 40,40% | 40,00% | 35,90% |
| | Мажи | Вкупно | 391 | 304 | 137 | 27 | 859 |
| | | % на мажи | 45,60% | 35,40% | 15,90% | 3,10% | 100,00% |
| | | % во оптшини | 61,70% | 69,70% | 60,00% | 60% | 64,10% |
| Вкупно | | Вкупно | 634 | 438 | 230 | 45 | 1347 |
| | | вкупен % на мажи и жени | 48,80% | 33,50% | 17,70% | 3,30% | 100,00% |

# КЛУЧНИ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

Во ова истражување се фокусиравме на учеството на младите граѓани во локалните избори како (кандидати за) носители на одлуки на локално ниво, притоа земајќи ги локалните избори во 2021 година како студија на случај. Имајќи ја предвид специфичноста на моделот на локална самоуправа, анализирани беа вклученоста на младите на кандидатските листи за градоначалници и членови на општинските совети како главни показатели за нивната позиција на изборите. Дополнително, истражувањето нуди и родова перспектива поради потребата за анализа на положбата на жените како уште една група граѓани кои, слично на младите, се помалку застапени на јавните функции.

Податоците покажуваат дека исклучително е мал процентот и на млади кандидати, и генерално кандидатки за позицијата градоначалник на општините ширум државата. Според податоците, постои стаклен таван[14] во однос на учеството на младите, но и на жените во изборите за градоначалничките позиции. Младите и жените учествуваат во работата на политичките субјекти и се застапени во поголем процент како кандидати за советничките позиции, во споредба со кандидатурите за градоначалничката позиција. Сепак, овие две групи граѓани исклучително ретко ја добиваат поддршката од партиите да се кандидираат за градоначалничката позиција, што е особено видливо во податоците за локалните избори 2021.

Иако застапени во поголем процент на кандидатските листи за советнички позиции, младите, како и жените, најчесто се поставени на недобитни позиции и не успеваат да го поминат прагот за влез во општинските совети. Со други зборови, младите се најчесто позиционирани во долните половини од кандидатските листи за советници, што резултира во мал дел од успешни кандидатури на млади граѓани, односно нивно избирање за членови на општинскиот совет. Најчесто младите се кандидирани во рурални и урбани општини, што укажува на тренд на давање можност на младите во тие општини во поголема мера од младите кои живеат во општините во рамки на градот Скопје и Градот Скопје.

Големо влијание врз позицијата на младите на кандидатските листи за советници има и бројот на кандидатури поднесени од страна на политичките субјекти. Кај политичките субјекти кои имаат поголем број кандидати, има и поголем број млади на советничките листи. Од друга страна, кај политичките субјекти со помал број кандидатури, младите потешко ги достигнуваат повисоките кандидатски позиции. Со оглед на тоа што околу една третина од младите се на дното на кандидатските листи на политичките партии и релативно ретко имаат можност да бидат носители на истите, можеме да констатираме феномен на користење на младите кандидати како кандидатури за надополнување на кандидатските листи. Во прилог на ова тврдење оди и фактот дека најголемите шанси за младите да бидат изгласани се во руралните општини, каде што значително почесто се во горните половини на кандидатските листи.

Најголема застапеност на избрани млади од кандидатските листи за советничките места забележавме во југоисточниот регион, иако истиот важи како регион со голем процент на младинска миграција. Една од можните интерпретации за ваквиот феномен е тоа што оние млади кои останале во општините на југоисточниот регион имаат поголеми шанси да бидат кандидирани од политичките субјекти, за разлика од оние општини каде што има поголема концентрација на млади и „конкуренцијата“ во однос на кандидатските места е поголема.

Младите жени почесто добиваат можност да бидат на кандидатските листи во споредба со своите колеги, но и во споредба со жените во другите возрасни категории (30+ години). Ова укажува на тренд на рано вклучување на младите жени од страна на политичките субјекти кога станува збор за кандидатските листи во општините, но нивната успешност повторно зависи од позиционирањето на листите.

Се на сè, застапеноста на младите на локалните избори 2021 е на ниско ниво, особено за градоначалничките позиции и носителските позиции на кандидатските листи за советнички

[14] Под дефиницијата „стаклен таван“ се подразбира англискиот термин „Glass ceiling” согласно со дефиницијата на Merriam Webster достапна тука https://www.merriam-webster.com/dictionary/glass%20ceiling

места. Локалните избори се специфичен домен на претставничката демократија каде трошоците за изборната кампања најчесто е на товар на самите кандидати (особено за градоначалничката позиција). Со оглед на маргинализираната економска позиција на младите до 29 години, како и нивното природно помало социјално-политичко влијание, постојат повеќе можни причини за резултатите добиени во ова истражување. Еден дел од нив се адресирани во поглавјето „Квалитативни информации“, но за добивање целосна слика за пречките и предизвиците со кои младите се соочуваат при директното вклучување во политичките процеси, од големо значење е нивно длабинска анализа преку идни истражувања.

## Квалитативни информации

Покрај квантитативните податоци добиени од страна на ДИК, наодите од ова истражување беа презентирани пред младите политичари и учесници на локалните избори 2021 година, со настан одржан во декември, 2021 година. Настанот имаше за цел да ги запознае младите политичари и учесници во локалните избори со добиените резултати од анализата на податоците содржани во ова истражување, но и да ги дополни истите со квалитативни информации за пречките и предизвиците со кои младите се соочуваат при вклучувањето во политичките процеси.

Важно е да се забележи дека поддршката од поблиското опкружување на младите е од големо значење за нивното рано вклучување во политиката, што го напоменаа сите учесници во дискусијата. Од друга страна пак финансиските препреки кои се особено видливи на локалните избори, во смисла на самостојно финансирање на својата кампања, претставува суштинска пречка која често и ги одвраќа младите од кандидирање за највисоката позиција во општините на нашата држава. Дополнително, континуираната поддршка од политичките субјекти за оние млади кои се активни на локално ниво, градење на нивните капацитети и вклучување во политички процеси во рамки на политичките субјекти се значителна поддршка за младите кои веќе се активни во политичкиот живот.

Овие квалитативни показатели, можат и треба да бидат дополнително истражени во однос на учеството на младите во политичките процеси, со што би се добиле повеќе информации и дополнителни согледувања за мотивираноста, оптимизмот или песимизмот на младите за учеството во политичките процеси.

# ПРЕПОРАКИ

Земајќи ги предвид процесот на изработка на анализата, податоците од истражувањето и препораките од тркалезната маса посветена на промоција на клучните наоди, изработени беа следниве препораки до клучните чинители:

## За политичките партии:

- Политичките партии да работат на градење на капацитетите на своите млади членови, особено во поглед на водење кампањи, знаење и разбирање на политичките процеси, добро управување на избрани и именувани позиции и други значајни области за подготовка на идни политички кадри.
- Политичките партии да изработат програми и пристапи преку кои ќе ги јакнат своите подмладоци и нивните членови околу начинот на кој се комуницира со млади и како се пишуваат мерките наменети за нив.
- Да се обезбеди застапеност на млади од подмладокот на политичката партија во Извршниот одбор, Централниот одбор, претседателство и други раководни и управувачки органи, со цел обезбедување директни канали за учество во креирањето на политиките и претставувањето на младите.
- Политичките партии да се погрижат за вклучување на своите млади членови, како и мислењата и потребите на младите граѓани во изработката на своите програми во различни области, не само за младинските прашања.
- Политичките партии да обезбедат буџети за оперативна и финансиска поддршка на младите кандидати и кандидатите со помалку економски можности за време на кампањите.
- Младите кандидати да добијат простор и активно да учествуваат во кампањите, со свои говори, гостувања и активности.
- Политичките партии да ја гарантираат застапеноста на младите како кандидати на своите листи за советници и градоначалници, во одредена пропорција и на рамномерен начин (односно и на повисоките места на листите). Една од можностите е да се воведат квоти за млади кандидати при изработката на листите.
- Политичките партии треба да се погрижат нивните кампањи и програми да бидат достапни и пренесени и до младите граѓани.
- По изборите, политичките партии да воспостават механизми со кои ќе ја следат реализацијата на предвидените мерки за млади од програмите.
- Партиите да обезбедат услови за соработка на подмладокот со аналитичките и истражувачките центри на партиите, со цел застапеност и развој на капацитетите на младите и подмладокот.

## За подмладоците на политички партии:

- Подмладоците да се застапуваат за поголемо учество на своите претставници и членови во креирањето на програмите, политиките и позициите на политичките партии и дефинирањето на изборните листи.

- Да учествуваат во креирањето на програмите на партиите за изборите не само во сегментите за млади, туку и во останатите поглавја од програмите каде имаат експертиза и препораки.

- Подмладоците да ги подготвуваат своите кадри за позициите на управување и носење одлуки, за да бидат поподготвени за успешно управување како млади идни политичари.

- Подмладоците да изработуваат свои анализи за потребите на младите, во соработка со истражувачките и аналитичките центри на партиите за креирање политики базирани врз факти.

- Подмладоците да воспоставуваат и одржуваат дијалог со останатите чинители во нивната околина при својата работа, дефинирањето на програмите и застапување за прашања од интерес на младите.

## За институциите:

- Државната изборна комисија да го прошири формуларот за поднесување кандидатски листи за избори на тој начин што ќе се вклучат повеќе релевантни информации за кандидатите (на пример област и највисоко ниво на завршено образование, етничка припадност и други податоци). Да се бара од политичките партии да обезбедуваат кратка биографија за секој кандидат на листите.

- Технологијата за проверка на отпечатоци од прсти (фингер-принт) на гласачите да се користи за да се адресираат податоци за демографијата на гласачите, со што може да се обезбедат информации за излезноста и гласачките навики кај младите.

- Да се обезбеди финансиска поддршка за политичките партии кои обезбедуваат можности за млади кандидати преку воведување критериуми при пресметување на финансирањето на партиите.

- Да се воведат квоти за застапеност на младите кандидати на изборни позиции.

- Локалните самоуправи и Градот Скопје да се ангажираат за целосна и ефикасна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики и обврските во нивна надлежност.

- Локалните самоуправи да обезбедуваат учество и консултација на младите во политичките процеси, преку нивно учество на седниците на советите на локалните самоуправи, посети на институции, тематски седници, младински „тејковер“ настани и слично.

- Агенцијата за млади и спорт и Националното советодавно тело за млади (според Законот за младинско учество и младински политики) да организираат годишна национална конференција за младински организации и подмладоци на политички партии како форум за дискусија за младинските прашања.

- Позицијата на младите да биде дискутирана во рамки на собранието и на општинските совети.

## За младите:

- Да се информираат за изборниот процес, програмите на политичките партии и кандидатите на изборите. Да ги бараат и да се информираат за содржините во програмите на политичките партии.
- Да пристапуваат кон политичките партии, нивните подмладоци и кандидатите со своите прашања и предлози. Да ги контактираат младите кандидати на изборите и избраните млади носители на одлуки со свои прашања и предлози.
- Да комуницираат со институциите надлежни за решавање на нивните проблеми и потреби, со своите предлози, прашања и препораки.
- Да се информираат за службениците за млади во своите општини и да комуницираат со нив.

## За развојната заедница:

- Да се обезбедуваат програми за поддршка и развој на подмладоците на политичките партии и нивната соработка во општеството, особено на ниво помеѓу политички партии.
- Да се организираат информативни и мобилизаторски кампањи за младите поврзани со гласачкото право и политичкото учество.
- Да се обезбеди поддршка на локалните самоуправи во спроведувањето на политиките за млади, како и во остварување комуникација и соработка меѓу младите советници.
- Да се обезбеди информирање, едукација и поддршка за младите советници и градоначалници за вршење на своите функции.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Галевски, М. (2019). Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Апатија, оптимизам или разочараност?. Скопје, Република Северна Македонија: Фондација за демократија на Вестминстер.

Државен завод за статистика. (2021). МАКСтат База: Стапки на активност по возрасни групи и пол, тримесечно. Состојба од 20.11.2021.

Ѓорѓиовска, Ј. и Галевски, М. (2021). Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: нееднаквост, неизвесност и различни очекувања. Скопје, Република Северна Македонија: Фондација за демократија на Вестминстер.

Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија. (2004). „Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 55/2004, 12/2005, 98/2008, 106/2008 и 149/14.

ОБСЕ и ОДИХР - Мисија за набљудување на изборите на ОДИХР. (2021). Изјава за прелиминарни заклучоци - Република Северна Македонија - локални избори, 17 октомври 2021 г.

Топузовска-Латковиќ, М., Поповска, М., Цацановска, Р., Јаќимовски, Ј., Сасајковски, С., Симовска, Е. и Забијакин-Чатлеска, В. (2016). Студија за млади во Република Македонија 2016. Скопје, Република Северна Македонија:  Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

Топузовска-Латковиќ, М., Борота-Поповска, М., Серафимовска, Е., Цекиќ, А. и Старова, Н. (2019). Студија за млади во Северна Македонија 2018/2019. Скопје, Република Северна Македонија: Фридрих Еберт.

Устав на Република Северна Македонија. (1991). Одлука за прогласување - 17.11.1991.
Commonwealth Secretariat. (2020). Global Youth Development Index and Report.

Commonwealth Secretariat.

Congress of Local and Regional Authorities of the Council of Europe. (2015). Revised European Charter on the Participation of Young People in Local and Regional Life. Council of Europe.

European Commission. (2021). North Macedonia 2021 Report. Strasbourg: European Commission.

European Youth Forum - Council of Members. (2006). Resolution on lowering the electoral age to the age of 16. Prato, Italy: European Youth Forum.

Inter-Parliamentary Union. (2018). Youth participation in national parliaments: 2018 report. Geneva: Inter-parliamentary Union.

Lührmann, A. (2013). Enhancing youth political participation throughout the electoral cycle: A good practice guide. New York, NY: United Nations Development Programme.

Park, A. (2004). Has modern politics disenchanted the young?. In A. Park, K. Curtis, C. Thompson, C. Bromley, & M. Phillips (Eds.), British social attitudes: The 21st Report (pp. 23-48). Thousand Oaks: Sage.

United Nations. (2016). World Youth Report: Youth Civic Engagement. United Nations.

Zivetz, L. (2019). Cross-sectoral Youth Assessment - North Macedonia. Arlington, VA: Navanti Group.

# Анекс 1:

## Дополнителни табели и визуелизации

**Во овој анекс поместени се следниве табели и мапи:**

**Табела 1.** Потребен број потписи за поднесување независна листа кандидати за членови на совет и градоначалник, според големината на општината.

**Табела 2.** Преглед на бројот на поднесени кандидатури за градоначалници и советници и бројот на политички субјекти кои ги поднеле за секоја општина.

**Табела 3.** Младинското учество на кандидатските листи поднесени од страна на сите политички субјекти, според позицијата на младите кандидати (18-29 г.).

**Табела 4.** Просечна возраст на избраните советници во сите единици на локалната самоуправа во државата.

**Мапа 1.** Мапа на сите единици на локална самоуправа во Република Северна Македонија според бројот на советнички места во нивниот општински совет.

**Мапа 2.** Мапа на сите единици на локална самоуправа согласно со бројот на поднесени кандидатури за градоначалници во секоја од нив.

**Мапа 3.** Мапа на сите единици на локална самоуправа, според просечната возраст на кандидатите за градоначалници.

**Мапа 4.** Мапа на сите единици на локална самоуправа, според бројот на кандидатури за советнички места.

**Мапа 5.** Мапа на сите единици на локална самоуправа, согласно со просечната возраст на кандидатите за советничките места.

**Табела 1. Приказ на потребниот број потписи за поднесување независна листа кандидати за членови на совет и градоначалник, според големината на општината.**

| Големина на општина | Број на потребни потписи од запишаните избирачи |
|---|---|
| До 10.000 жители | Најмалку 100 потписи |
| Од 10.001 до 30.000 жители | Најмалку 150 потписи |
| Од 30.001 до 50.000 жители | Најмалку 250 потписи |
| Од 50.001 до 100.000 жители | Најмалку 350 потписи |
| Над 100.001 жители | Најмалку 450 потписи |
| Во градот Скопје | Најмалку 1.000 потписи |

**Мапа 1. Мапа на сите општини во Република Северна Македонија според бројот на советнички места во нивниот општински совет.**




## СКОПСКИ РЕГИОН

| Општина | Број на советнички места |
|---|---:|
| Аеродром | 27 |
| Арачиново | 15 |
| Бутел | 19 |
| Гази Баба | 27 |
| Ѓорче Петров | 23 |
| Зелениково | 9 |
| Илинден | 15 |
| Карпош | 23 |
| Кисела Вода | 23 |
| Петровец | 11 |
| Сарај | 19 |
| Град Скопје | 45 |
| Сопиште | 11 |
| Студеничани | 15 |
| Центар | 23 |
| Чаир | 27 |
| Чучер-Сандево | 11 |
| Шуто Оризари | 19 |




## ИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Број на советнички места |
|---|---:|
| Берово | 15 |
| Виница | 15 |
| Делчево | 15 |
| Зрновци | 9 |
| Карбинци | 9 |
| Кочани | 19 |
| Македонска Каменица | 11 |
| Пехчево | 11 |
| Пробиштип | 15 |
| Чешиново-Облешево | 11 |
| Штип | 23 |




## ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Број на советнички места |
|---|---:|
| Богданци | 11 |
| Босилово | 15 |
| Валандово | 15 |
| Василево | 15 |
| Гевгелија | 19 |
| Дојран | 9 |
| Конче | 9 |
| Ново Село | 15 |
| Радовиш | 19 |
| Струмица | 23 |




## ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН

| Општина | Број на советнички места |
|---|---:|
| Битола | 31 |
| Демир Хисар | 11 |
| Долнени | 15 |
| Кривогаштани | 11 |
| Крушево | 11 |
| Могила | 11 |
| Новаци | 9 |
| Прилеп | 27 |
| Ресен | 15 |




## ВАРДАРСКИ РЕГИОН

| Општина | Број на советнички места |
|---|---|
| Велес | 23 |
| Градско | 9 |
| Демир Капија | 9 |
| Кавадарци | 19 |
| Лозово | 9 |
| Неготино | 15 |
| Росоман | 9 |
| Свети Николе | 15 |
| Чашка | 11 |




## ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН

| Општина | Број на советнички места |
|---|---|
| Вевчани | 9 |
| Дебар | 15 |
| Дебарца | 11 |
| Кичево | 23 |
| Македонски Брод | 11 |
| Охрид | 23 |
| Пласница | 9 |
| Струга | 27 |
| Центар Жупа | 11 |




## ПОЛОШКИ РЕГИОН

| Општина | Број на советнички места |
|---|---|
| Боговиње | 19 |
| Брвеница | 15 |
| Врапчиште | 19 |
| Гостивар | 31 |
| Желино | 19 |
| Јегуновце | 15 |
| Маврово и Ростуша | 11 |
| Теарце | 19 |
| Тетово | 31 |




## СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Број на советнички места |
|---|---:|
| Кратово | 15 |
| Крива Паланка | 19 |
| Куманово | 33 |
| Липково | 19 |
| Ранковце | 9 |
| Старо Нагоричане | 9 |

**Табела 2. Преглед на бројот на поднесени кандидатури за градоначалници и советници и бројот на политички субјекти кои ги поднеле за секоја општина.**

| Општина | Кандидатури за градоначалник | Кандидатури за советнички места | Број на политички субјекти кои кандидирале за градоначалник | Број на политички субјекти кои кандидирале за советнички места |
|---|---|---|---|---|
| Аеродром | 5 | 243 | 5 | 9 |
| Арачиново | 3 | 60 | 3 | 4 |
| Берово | 4 | 60 | 4 | 4 |
| Битола | 6 | 434 | 6 | 14 |
| Богданци | 3 | 55 | 3 | 5 |
| Боговиње | 4 | 95 | 4 | 5 |
| Босилово | 2 | 90 | 2 | 6 |
| Брвеница | 6 | 120 | 6 | 8 |
| Бутел | 2 | 246 | 2 | 13 |
| Валандово | 2 | 60 | 2 | 4 |
| Василево | 2 | 45 | 2 | 3 |
| Вевчани | 2 | 18 | 2 | 2 |
| Велес | 4 | 207 | 4 | 9 |
| Виница | 2 | 75 | 2 | 5 |
| Врапчиште | 7 | 133 | 7 | 7 |
| Гази Баба | 4 | 351 | 4 | 13 |
| Гевгелија | 5 | 114 | 5 | 6 |
| Гостивар | 4 | 310 | 4 | 10 |
| Градско | 2 | 27 | 2 | 3 |
| Дебар | 3 | 75 | 3 | 5 |
| Дебарца | 3 | 66 | 3 | 6 |
| Делчево | 2 | 45 | 2 | 3 |
| Демир Капија | 2 | 63 | 2 | 7 |
| Демир Хисар | 2 | 55 | 2 | 5 |

| Општина | Кандидатури за градоначалник | Кандидатури за советнички места | Број на политички субјекти кои кандидирале за градоначалник | Број на политички субјекти кои кандидирале за советнички места |
|---|---|---|---|---|
| Дојран | 3 | 36 | 3 | 4 |
| Долнени | 8 | 180 | 8 | 12 |
| Ѓорче Петров | 6 | 161 | 6 | 7 |
| Желино | 4 | 95 | 4 | 5 |
| Зелениково | 3 | 72 | 3 | 8 |
| Зрновци | 2 | 36 | 2 | 4 |
| Илинден | 4 | 90 | 4 | 6 |
| Јегуновце | 2 | 120 | 2 | 8 |
| Кавадарци | 2 | 247 | 2 | 13 |
| Карбинци | 2 | 45 | 2 | 5 |
| Карпош | 6 | 230 | 6 | 10 |
| Кисела Вода | 5 | 207 | 5 | 9 |
| Кичево | 4 | 184 | 4 | 8 |
| Конче | 3 | 54 | 3 | 6 |
| Кочани | 2 | 95 | 2 | 5 |
| Кратово | 3 | 75 | 3 | 5 |
| Крива Паланка | 4 | 76 | 4 | 4 |
| Кривогаштани | 4 | 66 | 4 | 6 |
| Крушево | 2 | 77 | 2 | 7 |
| Куманово | 5 | 429 | 5 | 13 |
| Липково | 4 | 114 | 4 | 6 |
| Лозово | 5 | 72 | 5 | 8 |

| Општина | Кандидатури за градоначалник | Кандидатури за советнички места | Број на политички субјекти кои кандидирале за градоначалник | Број на политички субјекти кои кандидирале за советнички места |
|---|---|---|---|---|
| Маврово и Ростуша | 2 | 66 | 2 | 6 |
| Македонска Каменица | 5 | 55 | 5 | 5 |
| Македонски Брод | 3 | 132 | 3 | 12 |
| Могила | 3 | 110 | 3 | 10 |
| Неготино | 2 | 90 | 2 | 6 |
| Новаци | 3 | 45 | 3 | 5 |
| Ново Село | 2 | 60 | 2 | 4 |
| Охрид | 3 | 253 | 3 | 11 |
| Петровец | 3 | 88 | 3 | 8 |
| Пехчево | 3 | 44 | 3 | 4 |
| Пласница | 2 | 36 | 2 | 4 |
| Прилеп | 5 | 216 | 5 | 8 |
| Пробиштип | 2 | 75 | 2 | 5 |
| Радовиш | 4 | 114 | 4 | 6 |
| Ранковце | 4 | 45 | 4 | 5 |
| Ресен | 5 | 90 | 5 | 6 |
| Росоман | 3 | 54 | 3 | 6 |
| Сарај | 4 | 114 | 4 | 6 |
| Свети Николе | 3 | 105 | 3 | 7 |
| Скопје | 12 | 675 | 12 | 15 |
| Сопиште | 2 | 77 | 2 | 7 |
| Старо Нагоричане | 3 | 63 | 3 | 7 |

| Општина | Кандидатури за градоначалник | Кандидатури за советнички места | Број на политички субјекти кои кандидирале за градоначалник | Број на политички субјекти кои кандидирале за советнички места |
|---|---|---|---|---|
| Струга | 7 | 270 | 7 | 10 |
| Струмица | 3 | 184 | 3 | 8 |
| Студеничани | 3 | 150 | 3 | 10 |
| Теарце | 4 | 133 | 4 | 7 |
| Тетово | 7 | 310 | 7 | 10 |
| Центар | 7 | 207 | 7 | 9 |
| Центар Жупа | 2 | 66 | 2 | 6 |
| Чаир | 5 | 268 | 5 | 10 |
| Чашка | 3 | 55 | 3 | 5 |
| Чешиново-Облешево | 3 | 55 | 3 | 5 |
| Чучер-Сандево | 4 | 88 | 4 | 8 |
| Штип | 4 | 160 | 4 | 7 |
| Шуто Оризари | 5 | 171 | 5 | 9 |
| **Вкупно** | **299** | **10532** | | |

**Мапа 2. Мапа на сите единици на локална самоуправа согласно со бројот на поднесени кандидатури за градоначалници во секоја од нив.**




## СКОПСКИ РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Аеродром | 5 |
| Арачиново | 3 |
| Бутел | 2 |
| Гази Баба | 4 |
| Ѓорче Петров | 6 |
| Зелениково | 3 |
| Илинден | 4 |
| Карпош | 6 |
| Кисела Вода | 5 |
| Петровец | 3 |
| Сарај | 4 |
| Град Скопје | 12 |
| Сопиште | 2 |
| Студеничани | 3 |
| Центар | 7 |
| Чаир | 5 |
| Чучер-Сандево | 4 |
| Шуто Оризари | 5 |




## ИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Берово | 4 |
| Виница | 2 |
| Делчево | 2 |
| Зрновци | 2 |
| Карбинци | 2 |
| Кочани | 2 |
| Македонска Каменица | 5 |
| Пехчево | 3 |
| Пробиштип | 2 |
| Чешиново-Облешево | 3 |
| Штип | 4 |




## ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Богданци | 3 |
| Босилово | 2 |
| Валандово | 2 |
| Василево | 2 |
| Гевгелија | 5 |
| Дојран | 3 |
| Конче | 3 |
| Ново Село | 2 |
| Радовиш | 4 |
| Струмица | 3 |




## ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Битола | 6 |
| Демир Хисар | 2 |
| Долнени | 8 |
| Кривогаштани | 4 |
| Крушево | 2 |
| Могила | 3 |
| Новаци | 3 |
| Прилеп | 5 |
| Ресен | 5 |




## ВАРДАРСКИ РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Велес | 4 |
| Градско | 2 |
| Демир Капија | 2 |
| Кавадарци | 2 |
| Лозово | 5 |
| Неготино | 2 |
| Росоман | 3 |
| Свети Николе | 3 |
| Чашка | 3 |




## ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---:|
| Вевчани | 2 |
| Дебар | 3 |
| Дебарца | 3 |
| Кичево | 4 |
| Македонски Брод | 3 |
| Охрид | 3 |
| Пласница | 2 |
| Струга | 7 |
| Центар Жупа | 2 |




## ПОЛОШКИ РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Боговиње | 4 |
| Брвеница | 6 |
| Врапчиште | 7 |
| Гостивар | 4 |
| Желино | 4 |
| Јегуновце | 2 |
| Маврово и Ростуша | 2 |
| Теарце | 4 |
| Тетово | 7 |




## СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---:|
| Кратово | 3 |
| Крива Паланка | 4 |
| Куманово | 5 |
| Липково | 4 |
| Ранковце | 4 |
| Старо Нагоричане | 3 |

**Мапа 3. Мапа на сите единици на локална самоуправа, според просечната возраст на кандидатите за градоначалници.**




## СКОПСКИ РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Аеродром | 40,2 |
| Арачиново | 40,7 |
| Бутел | 38 |
| Гази Баба | 45,7 |
| Ѓорче Петров | 45,7 |
| Зелениково | 46,7 |
| Илинден | 46 |
| Карпош | 51,2 |
| Кисела Вода | 46,6 |
| Петровец | 56 |
| Сарај | 44,8 |
| Град Скопје | 54,2 |
| Сопиште | 36,5 |
| Студеничани | 44,7 |
| Центар | 49,7 |
| Чаир | 48,8 |
| Чучер-Сандево | 44,3 |
| Шуто Оризари | 46,4 |




## ИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---:|
| Берово | 51,8 |
| Виница | 46,5 |
| Делчево | 45 |
| Зрновци | 34 |
| Карбинци | 42 |
| Кочани | 61,5 |
| Македонска Каменица | 49,4 |
| Пехчево | 40,3 |
| Пробиштип | 41 |
| Чешиново-Облешево | 44,3 |
| Штип | 50,8 |




## ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Богданци | 46 |
| Босилово | 44,5 |
| Валандово | 44,5 |
| Василево | 34,5 |
| Гевгелија | 56,2 |
| Дојран | 49 |
| Конче | 37 |
| Ново Село | 31,5 |
| Радовиш | 54,8 |
| Струмица | 52 |




## ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Битола | 52,2 |
| Демир Хисар | 47 |
| Долнени | 44,4 |
| Кривогаштани | 46 |
| Крушево | 41,5 |
| Могила | 29,7 |
| Новаци | 50,7 |
| Прилеп | 52,4 |
| Ресен | 47,8 |




## ВАРДАРСКИ РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Велес | 42,3 |
| Градско | 44,5 |
| Демир Капија | 35,5 |
| Кавадарци | 44,5 |
| Лозово | 47,6 |
| Неготино | 43,5 |
| Росоман | 37,7 |
| Свети Николе | 53,3 |
| Чашка | 40,7 |




## ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Вевчани | 48 |
| Дебар | 58,3 |
| Дебарца | 48,7 |
| Кичево | 49 |
| Македонски Брод | 49,3 |
| Охрид | 39,7 |
| Пласница | 42,5 |
| Струга | 54,3 |
| Центар Жупа | 52 |




## ПОЛОШКИ РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Боговиње | 46 |
| Брвеница | 49,3 |
| Врапчиште | 49,9 |
| Гостивар | 49 |
| Желино | 48,5 |
| Јегуновце | 45 |
| Маврово и Ростуша | 40,5 |
| Теарце | 45,8 |
| Тетово | 56,4 |




## СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---:|
| Кратово | 40,7 |
| Крива Паланка | 47,3 |
| Куманово | 42,4 |
| Липково | 33 |
| Ранковце | 48,3 |
| Старо Нагоричане | 50 |

**Мапа 4. Мапа на сите единици на локална самоуправа, според бројот на кандидатури за советнички места.**




## СКОПСКИ РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Аеродром | 243 |
| Арачиново | 60 |
| Бутел | 246 |
| Гази Баба | 351 |
| Ѓорче Петров | 161 |
| Зелениково | 72 |
| Илинден | 90 |
| Карпош | 230 |
| Кисела Вода | 207 |
| Петровец | 88 |
| Сарај | 114 |
| Град Скопје | 675 |
| Сопиште | 77 |
| Студеничани | 150 |
| Центар | 207 |
| Чаир | 268 |
| Чучер-Сандево | 88 |
| Шуто Оризари | 171 |




# ИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---:|
| Берово | 60 |
| Виница | 75 |
| Делчево | 45 |
| Зрновци | 36 |
| Карбинци | 45 |
| Кочани | 95 |
| Македонска Каменица | 55 |
| Пехчево | 44 |
| Пробиштип | 75 |
| Чешиново-Облешево | 55 |
| Штип | 160 |




## ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Богданци | 55 |
| Босилово | 90 |
| Валандово | 60 |
| Василево | 45 |
| Гевгелија | 114 |
| Дојран | 36 |
| Конче | 54 |
| Ново Село | 60 |
| Радовиш | 114 |
| Струмица | 184 |




## ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Битола | 434 |
| Демир Хисар | 55 |
| Долнени | 180 |
| Кривогаштани | 66 |
| Крушево | 77 |
| Могила | 110 |
| Новаци | 45 |
| Прилеп | 216 |
| Ресен | 90 |




## ВАРДАРСКИ РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Велес | 207 |
| Градско | 27 |
| Демир Капија | 63 |
| Кавадарци | 247 |
| Лозово | 72 |
| Неготино | 90 |
| Росоман | 54 |
| Свети Николе | 105 |
| Чашка | 55 |




## ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Вевчани | 18 |
| Дебар | 75 |
| Дебарца | 66 |
| Кичево | 184 |
| Македонски Брод | 132 |
| Охрид | 253 |
| Пласница | 36 |
| Струга | 270 |
| Центар Жупа | 66 |




## ПОЛОШКИ РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Боговиње | 95 |
| Брвеница | 120 |
| Врапчиште | 133 |
| Гостивар | 310 |
| Желино | 95 |
| Јегуновце | 120 |
| Маврово и Ростуша | 66 |
| Теарце | 133 |
| Тетово | 310 |




## СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Број на поднесени кандидатури |
|---|---|
| Кратово | 75 |
| Крива Паланка | 76 |
| Куманово | 429 |
| Липково | 114 |
| Ранковце | 45 |
| Старо Нагоричане | 63 |

**Мапа 5. Мапа на сите единици на локална самоуправа, согласно со просечната возраст на кандидатите за советничките места.**




## СКОПСКИ РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---:|
| Аеродром | 46,4 |
| Арачиново | 33,4 |
| Бутел | 41,7 |
| Гази Баба | 43,7 |
| Ѓорче Петров | 45,5 |
| Зелениково | 39,7 |
| Илинден | 42,6 |
| Карпош | 48,3 |
| Кисела Вода | 48,7 |
| Петровец | 36,5 |
| Сарај | 34,6 |
| Град Скопје | 43,2 |
| Сопиште | 37,7 |
| Студеничани | 34,5 |
| Центар | 46,9 |
| Чаир | 39,7 |
| Чучер-Сандево | 35,9 |
| Шуто Оризари | 39,8 |




## ИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Берово | 45,7 |
| Виница | 42,7 |
| Делчево | 35,8 |
| Зрновци | 35,5 |
| Карбинци | 37 |
| Кочани | 38,5 |
| Македонска Каменица | 36,8 |
| Пехчево | 38,8 |
| Пробиштип | 37,5 |
| Чешиново-Облешево | 36,4 |
| Штип | 42,2 |




## ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Богданци | 36,8 |
| Босилово | 41,4 |
| Валандово | 41,3 |
| Василево | 33,6 |
| Гевгелија | 40,1 |
| Дојран | 40,4 |
| Конче | 34,4 |
| Ново Село | 42,5 |
| Радовиш | 36 |
| Струмица | 42,7 |




## ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---:|
| Битола | 41,5 |
| Демир Хисар | 36,9 |
| Долнени | 33 |
| Кривогаштани | 35,4 |
| Крушево | 37,1 |
| Могила | 33 |
| Новаци | 44,5 |
| Прилеп | 41,5 |
| Ресен | 37,6 |




## ВАРДАРСКИ РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Велес | 41,5 |
| Градско | 40,5 |
| Демир Капија | 37,6 |
| Кавадарци | 43,9 |
| Лозово | 40,9 |
| Неготино | 40,7 |
| Росоман | 39,8 |
| Свети Николе | 42,3 |
| Чашка | 37,4 |




## ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Вевчани | 34,8 |
| Дебар | 37,1 |
| Дебарца | 39,5 |
| Кичево | 36,4 |
| Македонски Брод | 42,3 |
| Охрид | 39,6 |
| Пласница | 35,7 |
| Струга | 37,4 |
| Центар Жупа | 35,3 |




## ПОЛОШКИ РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---|
| Боговиње | 35,2 |
| Брвеница | 36,7 |
| Врапчиште | 35,2 |
| Гостивар | 35 |
| Желино | 31,3 |
| Јегуновце | 36,3 |
| Маврово и Ростуша | 39,7 |
| Теарце | 33,4 |
| Тетово | 37,1 |




## СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН

| Општина | Просечна возраст на кандидатите |
|---|---:|
| Кратово | 43 |
| Крива Паланка | 43,2 |
| Куманово | 39 |
| Липково | 34 |
| Ранковце | 40 |
| Старо Нагоричане | 40,9 |

**Табела 3. Преглед на младинското учество кандидатските листи поднесени од страна на сите политички субјекти, според позицијата на младите кандидати (18-29 г.).**

| Политички субјект | Носител на листа | Горна позиција | Долна позиција | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| АА-ААА | 3 | 105 | 111 | 219 |
| Алијанса за Албанците | 0 | 2 | 3 | 5 |
| Алтернатива | 0 | 4 | 3 | 7 |
| БЕСА | 3 | 99 | 115 | 217 |
| Бошњачки демократски сојуз | 0 | 30 | 31 | 61 |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција | 9 | 102 | 179 | 290 |
| ВМРО Народна партија | 1 | 10 | 10 | 21 |
| ГРОМ | 0 | 2 | 0 | 2 |
| Движење за демократија, права и слобода | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Движење за национално единство на Турците | 1 | 9 | 23 | 33 |
| Демократи | 3 | 25 | 23 | 51 |
| Демократска партија на Турците | 3 | 38 | 49 | 90 |
| ДОМ и ЛДП | 5 | 77 | 77 | 159 |
| ДПА | 4 | 61 | 58 | 123 |
| ДСР | 1 | 12 | 7 | 20 |
| ДУИ | 3 | 109 | 145 | 257 |
| Единствена Македонија | 2 | 44 | 35 | 81 |
| Интегра | 0 | 24 | 29 | 53 |
| Левица | 12 | 92 | 70 | 174 |
| МААК | 0 | 6 | 2 | 8 |
| Македонска ера трета | 0 | 15 | 15 | 30 |
| Независни кандидати | 6 | 145 | 156 | 307 |
| ПДТ | 1 | 22 | 15 | 38 |
| Подем | 0 | 4 | 2 | 6 |
| Родина Македонија | 1 | 7 | 5 | 13 |
| РОМЕСКЕ | 0 | 0 | 2 | 2 |
| СДСМ и коалиција | 7 | 161 | 264 | 432 |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 0 | 4 | 2 | 6 |
| Твоја Партија | 0 | 6 | 9 | 15 |
| тморо | 2 | 32 | 22 | 56 |

**Табела 4. Преглед на просечната возраст на избраните советници во сите единици на локалната самоуправа во државата.**

| Општина | Просечна возраст | Број на избрани советници |
|---|---|---|
| Аеродром | 41,89 | 27 |
| Арачиново | 33,93 | 15 |
| Берово | 39,07 | 15 |
| Битола | 40,19 | 31 |
| Богданци | 35,82 | 11 |
| Боговиње | 37,21 | 19 |
| Босилово | 37 | 15 |
| Брвеница | 39,53 | 15 |
| Бутел | 41 | 19 |
| Валандово | 39,2 | 15 |
| Василево | 34,07 | 15 |
| Вевчани | 35,56 | 9 |
| Велес | 42,74 | 23 |
| Виница | 39,4 | 15 |
| Врапчиште | 39,63 | 19 |
| Гази Баба | 42,44 | 27 |
| Гевгелија | 44,53 | 19 |
| Гостивар | 40,45 | 31 |
| Градско | 39,44 | 9 |
| Дебар | 43,33 | 15 |
| Дебарца | 42,09 | 11 |
| Делчево | 39,4 | 15 |
| Демир Капија | 38,22 | 9 |

| Општина | Просечна возраст | Број на избрани советници |
|---|---|---|
| Демир Хисар | 39,64 | 11 |
| Дојран | 35,44 | 9 |
| Долнени | 38,8 | 15 |
| Ѓорче Петров | 40,22 | 23 |
| Желино | 33,74 | 19 |
| Зелениково | 40,11 | 9 |
| Зрновци | 36,78 | 9 |
| Илинден | 40,33 | 15 |
| Јегуновце | 33,87 | 15 |
| Кавадарци | 40,58 | 19 |
| Карбинци | 33,44 | 9 |
| Карпош | 44,43 | 23 |
| Кисела Вода | 40,96 | 23 |
| Кичево | 40,78 | 23 |
| Конче | 33,11 | 9 |
| Кочани | 41,21 | 19 |
| Кратово | 41,67 | 15 |
| Крива Паланка | 41,47 | 19 |
| Кривогаштани | 35,45 | 11 |
| Крушево | 39 | 11 |
| Куманово | 40,39 | 33 |
| Липково | 36,53 | 19 |
| Лозово | 40,33 | 9 |
| Маврово и Ростуша | 41,73 | 11 |

| Општина | Просечна возраст | Број на избрани советници |
|---|---|---|
| Македонска Каменица | 36 | 11 |
| Македонски Брод | 35,73 | 11 |
| Могила | 33,82 | 11 |
| Неготино | 45,47 | 15 |
| Новаци | 42,78 | 9 |
| Ново Село | 38,93 | 15 |
| Охрид | 42,48 | 23 |
| Петровец | 43,64 | 11 |
| Пехчево | 46,91 | 11 |
| Пласница | 41,56 | 9 |
| Прилеп | 39,89 | 27 |
| Пробиштип | 35 | 15 |
| Радовиш | 36,16 | 19 |
| Ранковце | 41,89 | 9 |
| Ресен | 42,07 | 15 |
| Росоман | 42,89 | 9 |
| Сарај | 31,47 | 19 |
| Свети Николе | 40,8 | 15 |
| Скопје | 41,96 | 45 |
| Сопиште | 40,09 | 11 |
| Старо Нагоричане | 42,11 | 9 |
| Струга | 36,81 | 27 |
| Струмица | 42,17 | 23 |
| Студеничани | 34,33 | 15 |

| Општина | Просечна возраст | Број на избрани советници |
|---|---|---|
| Теарце | 34,37 | 19 |
| Тетово | 37,42 | 31 |
| Центар | 41 | 23 |
| Центар Жупа | 43,09 | 11 |
| Чаир | 40,26 | 27 |
| Чашка | 42,36 | 11 |
| Чешиново-Облешево | 37,27 | 11 |
| Чучер-Сандево | 37,45 | 11 |
| Штип | 43,87 | 23 |
| Шуто Оризари | 41,53 | 19 |
| Вкупно | 39,63 | 1.347 |

